| **Формирање ученички тим** | Вклученост на учениците во хуманитарна работа и развивање на чувство на хуманост, обновување на тимот со ученички од осмите одделенија | септември, 2019 | ППС, ученички тим | =ДА= Непречено спроведување на хуманитарните акции, воведување на ученици со цел обновување на тимот, голема група на ученици од осмо одделение, ентузијасти, се вклучени и соработуваат во акциите за помош | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Спроведување на хуманитарна акција наречена: Да си подадеме рака** | Собирање и распределба на зачувани униформи, училиштен прибор (тетратки, моливи, боички и слично) на ученици од подготвениот список по соодветна возраст и категории | септември, 2019 | ППС, ученички тим | =ДА= Помош во материјална подготовка на учениците од претходно подготвениот список за престојната учебна година. Дел од материјалите останува за потребите преку целата учебна година. | / |
| **Во организација на Општинската организација на Црвен Крст формиран е тим од ученици што ќе работи во рамките на училиштето, а со нивна програма** | Соработка со локалната средина по програмата на ООЦК Битола | ноември 2018 и продолжува со работа во учебната 2019/2020 година | ППС, ученички тим, преставници од ООЦК | Вклучување на учениците од тимот во хуманитарната работа на локално ниво =ДА= | / |
| **Новогодишна хуманитарна акција: Новогодишно пакетче за секое дете** | Собирна акција на новогодишни пакетчиња и подготовка на пригодна приредба за помош на деца од ранливи категории | декември, 2019 | ППС, ученички тим | =ДА= Поттикнување на хуманоста кај учениците и помош на учениците од дисфункционални и социјално ранливи семејства =ДА= | / |
| **Учество на Новогодишниот панаѓур со цел собирање средства за купување училишен прибор за децата од дисфункционални и социјално ранливи семејства** | Мотивирање на учениците од тимот за организирана помош и градење на хумани вредности (изготвен е извештај за собраните средства) | 23.12.2019 година | ППС, ученички тим | =ДА= Поттикнување на хуманоста кај учениците, обезбедување материјали за работа на часовите за напредување на воспитно-образовниот процес кај фокус групата на ученици | / |
| **Формирање комисија која ќе** | Во on-line наставата | Мај 2020 година | Членови на комисијата за | =ДА= Комисијата од | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ги избере учениците кои од материјална природа не се во состојаба да се вклучат во on-line наставата** | сите ученици треба да бидат вклучени па затоа Општина Битола донира таблети со што и оние ученици кои немаа технички услови за вклучување на часовите да можат рамноправно да учествуваат во истата | | доделување на таблетите Психолог Педагог Наставник | списокот на ученици кои од причини на техничка и материјална немоќ не се вклучуваат во наставата прилагодена на условите на здравствената криза издвои пет објективно најзагрозени, направи записник за својот избор, а потоа беа повикувани родителите да ги подигнат таблетите | |

Битола, Мај 2020 година

Тимот за спроведување хуманитарни акции и работа со ранлива категорија ученици

## Тим за заштита и спасување и прва помош

| Цели од годишната програма на тимот 2018/2019 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| 1. Евалуација на усвоената (важечка) Програма за<br><br>активностите на тимот од 2018/19 година | да | Септември 2019 г. | Во месец септември 2019 г. се изврши евалуација на усвоената (важечка) Програма за активностите на тимот од 2018/19 година.Целта на оваа активност беше усогласување на Планот во сообразност со актуелните релевантни услови од опкружувањето. | |
| 2.Подетално запознавање на членовите на Тимот со Програмата  за работа | да | Октомври 2019 г. | Во месец октомври до сите членови на Тимот во електронска форма беше испратена Програмата за работа на истиот, со барање да се разгледа и сите забелешки , исправки или сугестии навреме да се достават по електронски пат.На тој начин сите членови подетално се запознаа со Програмата на  на Тимот. Не беа доставени забелешки или сугестии. | |
| 3. Одржување на работилници со наши ученици | да | Ноември - декември | -Во текот на месец декември-нашите волонтерите од | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| волонтери | | 2019 г. | Општинската организација на Црвен крст, заедно со својата наставничка Славица Костевска реализираа низа вежбовни активности за брзо и ефикасно пружање на прва помош и преземање на превентивни мерки за заштита, се со цел за учество во натамошни работилници. | |
| 4.Показна вежба :Тестирање на знак ѕвоно, потсетување на учениците и вработените преку разглас и нивна евакуација | не | Февруари-март 2020 г. | | Активностите не се реализирани, заради прогласување на пандемија |
| 5.Одржување на работилници со уќениците | не | Април 2020 г. | | Активностите не се реализирани, заради прогласување на пандемија |
| 6.Евалуација на спроведените активности | не | Мај 2020 г. | | Активностите не се реализирани, заради прогласување на пандемија |

Координатор на Тимот:
Соња Кузманова

## Тимот за прифаќање и одобрување на проекти

| ПРОЕКТИ КОИ УЧИЛИШТЕТО ГИ РЕАЛИЗИРА ВО СОРАБОТКА СО МОН, БРО, УСАИД, МЦГО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име на проектот:** | **Реализатори:** | **Начин на реализација** | **Планирано** | **Реализирано** |
| Употреба на асистивна технологија во работата со ученици со посебни образовни потреби | Тим за инклузивно образование | - Обуки за наставниците за изработка на ИОП во согласност со потребите на ученикот<br>- Постојана комуникација наставник-дефектолог-родител.<br>- Изработка на чекори за изработка на ИОП за одделенска и предметна настава. | септември2019-јуни 2020 | Реализирана е работилница за изработка на ИОП од страна на дефектологот и наставниците кои имаат деца со посебни потреби |
| Заедничка грижа за правилно насочување на учениците- вклучување на родителите во училиштето | Тим на проектот: „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ | - Продолжување на активностите за вклучување на родителите во училиштето;<br>- Реализација на планираните активности; | септември2019-јуни 2020 | Во текот на првото полугодие наставниците имаа соработка со родителите во различни форми и тоа работилници, предавања и учество на часови. |
| **ИНТЕРНИ ПРОЕКТИ ВО СОРАБОТКА СО НВО,ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ЛОКАЛНА И ДЕЛОВНА ЗАЕДНИЦА** | | | | |
| **Име на проектот:** | **Реализатори:** | **Начин на реализација** | **Планирано** | **Реализирано** |
| Подобрување на | Тим за проекти | - Увид во извештајот од пописната комисија<br>- Изготвување на преглед на постоечките наставни средства<br>- Анкета на потреби по кабинети и спортски | септември2019-јуни 2020 | - Набавени материјално технички ресурси како и потрошен материјал за кабинетите во училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| квалитетот на наставата преку осовременување на наставни средства и технички помагала | | сали<br>- Анализа на резултатите од анкетата<br>- Изготвување на предлог буџет за набавка на материјално техничките ресурси<br>- Набвување на материјално-технички средства и материјали Доопремување на кабинетите и училниците со нагледни средства,технички помагала, набавка на потрошен материјал | | |
| **МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ:** | | | | |
| **Име на проектот:** | **Реализатори:** | **Начин на реализација** | **Планирано** | **Реализирано** |
| **КА2- ERASMUS+ ПРОЕКТ-** „Учење за надминување на елементи на насилство" или во оригинал "Learning to Overcaoming Violence Elements"- L.O.V.E. | Нашето училиште и Турција како координатор, Грција, Литванија, Полска и Италија | - Интернационални состаноци на координативниот тим<br>- Посета на училиштата вклучени во проектот<br>- Изведување на предвидените игри во самиот проект | Септември 2019- јуни 2020 | Реализирани се планирани активности од проектот<br>- Посета на училиштето во Крит ,Република Грција од страна на координаторот, директорот и два одделенски наставници- реализирана работилница за наставниците за запознавање со проектот и доделување на листа со работнилници за наставниците во одделенска настава<br>- реализирана работилница со |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | родителите |
| **КА2- ERASMUS+ ПРОЕКТ –** „ РомАБЦ“ за западен балкан.. | Земји учеснички се Германија, Србија и Македонија. Србија е координатор на проектот. | Проектот се однесува на употреба на техники и методи за описменување на возрасни лица Роми и е во делот за образование за возрасни. | Октомври 2019-Август 2021 | Досега е оджража Kick off средба за запознавање со партнерите. На средбата споделени се материјалите за описменување на возрасните Роми (Курикулум и Прирачник). Потоа претставување на проектот на ниво на држава и на град како и пред НВО секторот. Исто така преведен е и курикулумот по кој треба да се работи. |
| **Scientix** | Наставници членови на платформата | Реализација на активности во зависност од целите на проектот | септември2019-јуни 2020 | - Приклучување кон проекти и настани на платформата |
| **Etwining** | Наставници членови на платформата | Реализација на активности во зависност од целите на проектот | септември2019-јуни 2020 | - Приклучување кон проекти и настани на платформата |

**Изготвил:**
**Координатор**
Снежана Стојанова

## *Тим за ПМИО*

ИЗВЕШТАЈ од Тимот на
**Меѓуетничка интеграција за Млади во образованието** ВО ТЕКОТ НА учебната
2019-2020год.

За учебната 2019/2020 година, тимот на **Меѓуетничка интеграција за Млади во образованието** имаше изготвено програма за цела година 2019/2020 год., **Тимот за Меѓуетничка интеграција за Млади во образованието** е составен од Гордана Анастасова, Славица Костевска, Кети Секуловска, Лидија Шунда Шокларовска, Атанас Пеев, Билјана Печипајковска.

Часовите за **Меѓуетничка интеграција за Млади во образованието се реализираат во** Програма за образование за животни вештини и се интегрирани во активностите од Поектот за Училиште без насилство. Се одржуваат и се промовираат придобивките од Проектот за меѓуетничка активност во образованието.

Активностите на членовите од Тимот е претежно помагање во изработката на часовите и други активности.

Следи табела за преземените активности за **Меѓуетничка интеграција за Млади во образованието**.

1. Изработка на Програма за МИМО за 2019/2020 год. Планирани часови од страна на наставниците за реализација на активностите за **Меѓуетничка интеграција за Млади во образованието.**
2. Реализирани активности од страна на наставниците било самостојни или заеднички со партнер училиште. Претежно се реализираат самостојни активности во рамките на училиштето, заради економски причини.
3. МИО активности во склоп на часовите од „Животни Вештини“ и интегрирање со активностите од Поектот за Училиште без насилство.

АКТИВНОСТИТЕ ЗА **Меѓуетничка интеграција за Млади во образованието** ПРИ
ОУ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА за 2019/2020 год.

| Цели на програмата | Реализатор | Време на реализација | Опис на активноста | Забелешка (зошто не е реализирана одредена активност) |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на програма и извештај за Мултикултурализам, Меѓуетничка активност во образо-ванието.Сите наставници израбо-тија план за реализирање на МИМО активности во нивните годишни планирања | Членови на училиштен тим | август 2019 год. | Изработка на програма и извештај за активностите | /////// |
| Се негува и развива мултикултурализмот, се надми-нуваат предрасудите и стереоти-пите помеѓу различните етнички заедници, се добиваат знаења и разбирања за меѓусебните етнички односи, со доближување, надми- | Членови на училиштен тим и наставници | Септември –декември 2019 год. | Изработка на часови по ОЖВ според програмата на Одделенската заедница | Часовите се реализираат и се вклучуваат сите ученици кои се од други етнички заедници. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| нување на различностите и добивање трајни вредности (почит, пријателство, соработка и градење соживот во иднина). | | | | Часовите се реализираат според програмата на наставниците. |
| Презентирање на активностите на Пано во училиштето | Членови на училиштен тим и наставници | Септември –декември 2019 год. | Изработки од часовите по ОЖВ и од Проектот за Училиште без насилство | Нема доволно апликации во холовите, поради запирање на проектот и наставниците не се мотивирани. |
| Работната група за меѓуетничка интеграција ве поканувам на информативна средба за информирање околу објавувањето на Јавниот повик на Министерството за образование и наука за доделување на финансиски средства за училиштата кои реализираат активносто за меѓуетничка интеграција во рамките на училиштето или во партнерство со други училишта. | на средбата е пожелно да присуствуваат директорите на училиштата но во евентуална спреченост добро е да присуства координаторот на СИТ-от од училиштето. | 31.10.2019<br><br>Скопје, хотел „Континентал“<br><br>Аплицирањето за овој грант трае до 25ти ноември 2019 **година.** | Грантот е наменет за спроведување на заеднички ученичкиактивности.<br>2. Какви заеднички ученички активности поддржува грантот? обезбедување долготрајна и ефективна соработка меѓу учениците кои реализираат настава на различни наставни јазици. Тоа значи дека треба да:<br>а)<br>„Основните критериуми според кои треба да се организира една активност се смета<br>активност која има за цел интеракција, мешани групи учесници, балансирани групи<br>учесници според етничката припадност, полот и возраста,<br>интеракција меѓу учесниците од различните етнички/јазични групи (во текот на активноста учениците од едниот наставен јазик/едната етничка група | Поради наведените критериуми и насоките за аплицирање кои како еднојазично училиште не можиме да ги спроведеме активностите и не аплициравме за овај грант. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | соработуваат со учениците од другиот наставен јазик/другата етничка група, користење на сите застапени јазици, рамноправен третман на учесниците од сите етнички/јазични групи, постигнување конкретни-заеднички цели (опипливи/видливи продукти) со учество на сите застапени етнички заедници.“<br>б) Имаат повеќекратни средби меѓу учениците.<br>в) Има конкретен резултат кој учениците ќе го постигнат во етнички мешана група/пар. | |
| Предвидените часови во склоп на планирањата на наставниците се реализираат според предвидената динамика во текот на учебната година 2019/2020. | Членови на училиштен тим и наставници | Септември –јуни 2019/2020 год. | Изработки од часовите по ОЖВ, ученичката заедница, за време на Патронатот на училиштето и од Проектот за Училиште без насилство | Се реализираат самостојни активности во рамките на училиштето, заради економски причини. |
| Поради Пандемијата за Ковид 19 не се одржуваат активности предвидени од наставниците кои се предвидени во следниот период од 11 март 2020 до крајот на учебната година 2019/2020 год. | Членови на училиштен тим | од 11.03.2020 до 10.06.2020 | /////// | ///////// |
| Изработка на Анкета – Прашалник за Тимот за училишна интеграција за потрбите на Министерството за образование и наука за следење на активностите на училиштата за меѓуетничка интеграција во образованието, која што е дел од законските одредби за активностите за меѓуетничка интеграција во учебната 2018/2019 година. | Членови на училиштен тим | 21.05.2020 | Изработен е прашалникот и им е пратен до МОН до Настасија Стојановиќ а воедно пратена е и порака заради активностите што ги немаме реализирано со партнер училиштата која порака ќе ја ставам во извештајот како дополнение. | Пораката била препратена до до Г-ѓа Назихтере Сулејмани од МОН, која е одговорно лице од Комисијата на МОН за меѓуетничка интеграција во образованието и ќе може да Ни понуди соодветна поддршка и појаснување за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | поставените прашања. |

Се негува и развива мултикултурализмот, се надминуваат предрасудите и стереотипите помеѓу различните етнички заедници, се добиваат знаења и разбирања за меѓусебните етнички односи. Придобивките од проектот (ПМИО) продолжуваат да се негуваат и после завршувањето, и тоа со МИМО, доближување, надминување на различностите и добивање трајни вредности (почит, пријателство, соработка и градење соживот во иднина).

- Односи меѓу сите структури, вклучување на родителите, општината и заедницата во активностите на МИМО во училиштето.

Дата: Изготвил:
22.05.2020 год. Координатор на Тимот
*Славица Костевска*

Почитувани!

Нашето училиште: ОУ „ Св. Климент Охридски" е еднојазично и има мал број на ученици од другите националности кои не можат да го задоволат процентуалниот состав во групите кои би учествувале на активностите, но сепак сите што се ученици од другите националности се вклучуваат во активностите.

Немаме превземено заеднички активности со партнер училиштата кои се три, Основните училишта: „Панајот Гиновски" од Бутел, Скопје. „Санде Штерјевски" – Кичево, ОУ во Бистрица . Се работи со училишта кои се повеќе јазични и немаат интерес да соработуваат со нас , а ние немаме финансиски средства за да превземаме такви активности. Секој наставник си има предвидено по 3 часови за меѓуетничка активност во текот на учебната година а и повеќе во склоп на активностите на ниво на училиште. Часовите се реализираат според предвидената програма на одделенските часови, вонынаставните активности и ученичката заедница како и во склоп на тимот за без насилство.

Сепак училишните и вонучилишните активности, во кои заеднички учествуваат ученици што припаѓаат на различни етнички групи, се многу важни за подобрување на меѓуетничките односи што се обременети со стереотипи и предрасуди. Заедничките активности во етнички мешаните групи го обезбедуваат и неопходниот контакт со другите, кој ја овозможува интеракцијата и, под одредени услови, може да придонесе за намалување на негативните предрасуди кон другите.

За следниве прашања немаме добиено никакви напатствија во почетокот на учебната година за превземање на активностите што следат во следните точки. Очекуваме како за сите активности и планови и програми што ги работиме да добиваме напатствија од надлежните било проекти и сл. во почетокот на секоја учебна година што сега вие ги барате во оваа учебна година.

13. Број на организирани курсеви за изучување на јазикот на друга етничка припадност во Вашето училиште: нема

14. Процент на наставници и стручни соработници, вработени по 2018/19 година во вашето училиште кои посетувале обуки за меѓуетничка интеграција во образованието во траење од најмалку 6 часа: нама

15. Процент на раководен кадар и членови на училишен одбор во вашето училиште кои посетувале обуки за меѓуетничка интеграција во образованието во траење од најмалку 6 часа во учебната 2018/19 година: нема

Поздрав
Славица Костевска
дата:
21.05.2020 Битола

*Заедничка грижа за правилно насочување на учениците*

16.ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Со цел, подобрување на квалитетот на наставата, совладување на пречки и полесно справување со одредени предизвици, нашето училиште активно работи на вклучување на родителите како партнери во образовиот процес. Веќе неколку години, вклученоста на родителите е еден од примарните приоритети на нашето училиште. Соработката се одвива непречено и со вклученоста на Советот на родители преку изработена Програма во кои има поместено содржини за реализација во текот на целата учебна година. Отвореноста на нашето училиште се гледа и преку преку приемот на родителите од страна на наставниците секој последен понеделник и вторник во месецот се во училиштето за прашања на родителите од наставата и за помош и поддршка на учениците.Од досега изложеното од страна на родителите, неминовно се повторува проблемот за обемноста на наставните содржини и големиот фонд на часови. Иако нашето училиште дава максимална поддршка во однос на овој проблем сепак тој се повторува од година во година.Како и минатата година така и оваа¸родителите се партнери во планирање на ученичките екскурзии со избор на места предвидени со Правилникот за екскурзии, како и помош во подготовка на истите,земаат активно учество на панаѓурите кои ги организира училиштето како и други хуманитарни акции. Учествуваат во формирање комисии, во финансиски одлуки, како и одлуки од суштинско значење за квалитетно одвивање на наставниот процес.Едукацијата на семејството се прави на родителски средби со теми кои ги наметнуваат одделенските раководители според условите и потребите.Советувањето на родителите е уште еден облик на едукација на семејството според програма од МОН и ја реализира училишниот психолог.

Родителите ја реализираат својата програма, а со нивна соработка се реализира и проектот на МОН и БРО, Заедничка грижа за правилно насочување на учениците.

**ЗАЕДНИЧКА ГРИЖА ЗА ПРАВИЛНО НАСОЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

Во оваа учебна 2019/2020 година, тимот на проектот ја следеше програмата за работа на истиот и реализира дел од планираните активности. Следи табела во која што е дадена временската рамка на реализација и краток опис на самите активности.

**ЦЕЛ**: Зајакнување на врската „родител-ученик-наставник“, преку која ќе се овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес во основното образование

| Ред.бр. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| 1. | Родителот е наставник | 1.11.2019<br>4.12.2019<br>7.11.2019<br>18.10.2019<br>20.12 2019<br>1.11 2019<br>9.10.2019<br>11.12.2019<br>23.12.2019<br>1.4.2020 | Родители држеа предавања и имаа улога на наставник во текот на редовни часови или слободни ученички активности.<br>Наставници кои реализираа ваква активност:<br><br>Валентина Вељановска<br>Велика Дуковска<br>Венета Јоновска<br>Сузана Дишковска<br>Угарчева Елена<br>Снежана Стојанова<br>Билјана Печипајковска<br>Билјана Печипајковска<br>Верка Наумовска<br>Билјана Печипајковска **(онлајн настава)** |
| 2. | Работилница | 19.12.2019<br>2.12.2019<br>20.12.2019<br>24 .02.2020 | Работилници како дел од редовните часови, додатна, дополнителна настава, слободни ученички активности или воннаставни активности<br>Наставници кои реализираа ваква активност:<br>Билјана Костовска<br>Весна Димитровска<br>Соња Петровска<br>Соња Кузманова, Евдокија Галовска |
| 3. | Хуманитарни акции | 19.12.2019<br><br>30.9.2019 | Собирање на новогодишни пакетчиња за социјално ранливи категории<br><br>Да си подадеме рака<br><br>-сите одделенски наставници и класни раководители |
| 4. | Посети | 23.12.2019 | Посети на работни места на родители, театар, кино ...<br>Лидија Шунда Шокларовска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Родителска отворена средба | секој последен понеделник од месецот | Родителите индивидуално се среќаваат со предметните наставници и разговараат за успехот, дисциплината и напредокот на учениците. |
| 6. | Новогодишен базар | 23.12.2019 | Родители, наставници и ученици заеднички да изработуваат сувенири кои се изложуваат и продаваат на овој базар.<br><br>Јасна Јанева Гулевски и<br><br>поголем број на одделенски наставници и класни раководители |
| 7. | Еко ден | 9.11.2019 | Еко-акција за чистење на училишниот двор, на иницијатива на Совет на родители која ја реализираа родители и нивните деца |
| | | | |

Забелешка: Со оглед на состојбата со Корона вирусот, некои активности не беа реализирани, иако има и активност онлајн, реализирана преку ZOOM платформата.

Членови: Весна Димитровска Аврамовска, Велика Дуковска

Координатор:

Билјана Печипајковска

## Тим за грижа за здравјето

| Цели од годишната програма на тимот | Време на реализација | Опис на активностите |
|---|---|---|
| Осигурување на учениците; | септември, 2019 | Оваа година Советот на родители одлучи осигурувањето на учениците од I до IX одделение да се спроведе преку осигурителната компанија Халк осигурување – а.д. Скопје. Сумата за осигурување изнесуваше 100 денари за секој ученик. |
| Преземање на мерки и едукација за намалување на фактори на ризик од заразни болести и болести на завист; | 21.10.2019 | Здравствено предавање – Мали сипаници (морбили) |
| | 02.12.2019 | Здравствено предавање: 1-ви Декември – Светски ден за борба против болеста СИДА; |
| | 16.12.2019 | Здравствено предавање - ГРИП |
| Систематски прегледи на учениците | ноември, март | Задолжителни систематски прегледи се извршени за учениците од: I, III, V, VII и IX одд., кои опфаќаат: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабораториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба). |
| Редовен стоматолошки преглед за учениците и предавање за забите | септември , март | Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I до VI одд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. |
| Редовно генерациско вакцинирање на учениците | 1 одделение – септември,2019 година<br>3 одделение – ноември, 2019 година<br>9 одделение - мај, 2020 година | Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, а се спроведува во ЈЗУ Здравствен дом, амбуланта при Средно училиште ЈОСИП БРОЗ ТИТО. Опфатени се учениците од I, III, V, VII одделение. |
| Превенција од злоупотреба на | април | Во состав на ОЖВ секој одделенски наставник одржа работилница на оваа тема. Целта беше секој |

| | | |
|---|---|---|
| психотропни супстанции - ОЖВ | | ученик да:<br>• ја сфаќа потребата од активно спротивставување на консумирањето психотропни супстанции ,<br>• ја сфаќа штетноста по здравјето од употребата на droги,<br>• прифаќа дека има лична одговорност во донесување одлука за консумирање психотропни супстанции,<br>• сфати дека е позитивно да се спротивстави на притисокот од другите кои промовираат и/или консумираат психотропни супстанции. |
| Предавање: Влијание на храната врз физичкиот и психосоматскиот развој на децата- Пирамида на исхрана | април, 2020 | Со цел стекнување на навики за здрава исхрана, на час од ОЖВ се одржаа работилници на оваа тема. Ставови кои се развија кај учениците се:<br>• Во текот на денот треба да има повеќе правилно распоредени оброци;<br>• Традиционалната исхрана не секогаш е добра за здравјето;<br>• Дел од болестите можат да бидат спречени или излекувани со соодветна исхрана. |
| Работилница: Водење грижа за личната хигиена- ОЖВ | април, 2020 | Работилница: Козметички средства се спроведе на час за ОЖВ, а учениците:<br>- се запознаа со опасноста од несоодветна употреба на средствата за одржување лична хигиена,<br>· ги увидоа последиците од несоодветна употреба на козметички средства,<br>· научија дека размената на облека е нехигиенска.<br>· умеат да прават соодветен избор на козметички средства,<br>· сфатија дека не треба да се разменува облеката со други и дека козметичките средства не се замена за средствата за лична хигиена. |
| Градење позитивен однос кон растенијата и животните | континуирано | Одд. раководители, тим задолжен за Еко-градината |
| „ Психички промени во пубертетот “ | март | Одложено поради ситуацијата со пандемијата. |
| Одржување на хигиената во училиштето | тековно, акции за чистење | Наставници и ученици, по претходно утврден распоред |

Изработил: Снежана Захариева

## Еко тим

Во текот на првото полугодие се одржа еден состанок на членовите на еко тимот.На истиот се разгледуваа избраните точки на акција по претходно направена анализа на состојбата и беше направен план за реализација на планираните активности во текот на учебната година и предлогот на Советот на родители за чистење на училишниот двор.

Во текот на учебната година улилиштето се вклучи во мрежата Вело училишта.

Со почетокот на ова учебна година, во нашето училиште се реализира еколошки проект *ВАЛКАНО ИЛИ ЧИСТО, НЕ Е ИСТО!*Истиот се реализира во соработка со родители и локалната бизнис заедница. Партнери на проектот се ДООЕЛ„БК МАРКЕТ“ – Битола и ДООЕЛ „ДУО ФУД“ Boulevard Bakery – Битола. Учениците од IV-5 пишуваа еколошки пораки, а истите беа испечатени на хартиени кеси кои се користат за амбалажа на бели печива. Со тоа се развиваше еколошката свест не само кај учениците туку и кај поширката јавност во градот за правилно однесување и селекција на отпадот. Низ самата работа и реализација на активностите се развиваше и креативноста кај учениците,а се развиваа вештини за комуникација и тимска работа.

Учениците од седмо одд. под менторство на наставничката Соња Петровска со драматизацијата „Еко спомени за промени“ зедоа учество во повеќе културни настани промовирајќи го нашето училиште и поттикнувајќи на еколошки размислувања.

Наставниците во текот на цела учебна година реализраат наставни содржини во кои се поттикнува еколошката свест кај учениците.

Во продолжение следуваат годишните извештаи по еко стандарди :

### *Еко стандард1:Заштеда на енергија*

Тимот за заштеда на енергија во учебната 2019/2020 година, држејќи се на точките на акција и планот на активности, го реализираше следното:

| Цели од годишната програма на тимот | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите |
|---|---|---|---|
| Точка на акција бр.4<br><br>Формирање на еко-патроли (група на ученици, односно деца) вклучени во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и го контролираат процесот на имплементација на | реализирано | Два пати (неделно) 2019/2020 Септември - октомври | За реализација на точката на акција, одговорните наставници за еко патролите во одделенска настава Пандора Алексова Запаренко и Марија Крстевска во предметна настава Снежана Захариева, направија почетен избор на ученици за еко патролите, но во текот на учебната година можни се и измени. Списоците следат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| овие активности. | | | подолу во продолжение. |
| | | | Преку цела година се вршеше теренско набљудување од страна на еко патролите, за состојбата во училниците, водење на пишана евиденција - извештај и доставување на одговорниот наставник. |
| Точка на акција бр.3<br>- Поставување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија. | реализирано | септември/октомври<br><br>2019/2020 | Со цел подигнување на еколошката свест кај учениците за штедење на електричната и топлинската енергија, учениците од четврто и петто одделение со одговорните наставници: Марија Крстевска и Пандора Алексова Запаренко изготвија упатства рационално користење на електрична и топлинска енергија. Упатствата беа поставени на видни места во ходниците на училиштето. |
| Точка на акција бр.2<br><br>Изработка на план за рационално користење на енергијата | реализирано | декември/февруари 2020 | Со цел да се намали потрошувачката на топлинска и електрична енергија во училиштето, учениците од деветто одделение под менторство на наставничката по физика Соња Кузманова, изработија план за рационално користење на топлинската и електричната енергија во училиштето. Истиот план требаше да биде презентиран на настанот кој го организира Тимот за енергија по повод Светскиот ден за заштеда на енергијата. Но поради актуелната состојба со корона вирусот, настанот беше одложен. |
| Точка на акција бр.1 | реализирано | февруари 2020 | Со цел намалување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поставување енергетско штедливи светилки. | | | потрошувачката на електрична енергија во нашето училиште, сите досегашни светилки во сите училници , во дел од кабинетите , канцеларискиот простор и престојот беа заменети со LED светилки. |

АКТИВНОСТ – ПОСЕТА НА БИОГАСНАТА СТАНИЦА ВО НОВАЦИ
2019/20

| Планирани активности по месеци | Реализирани активности по месеци |
|---|---|
| Разгледување на програмата за работа и планирање на активноста | Во текот на месец септември беше формиран ученички тим од ученици и наставници коишто учествуваа во активноста и истата се започна со планирање во месец септември |
| Прва фаза од активноста:<br>Посета на биогасната стабица во Новаци (обновливи извори на енергија). | Тимот за енергија ја реализираше предвидената посета на еден вид на обновливи извори на енергија и тоа биогасната станица во Новаци. За таа цел на 12.11.2019 одговорните наставници од тимот за енергија Сузана Дишковска и Пандора Алексова Запаренко, заедно со своите ученици, ја посетија биогасната станица во Новаци. Таму имавме предавање од стручно лице од кое учениците се запознаа со еден нов начин за добивање на електрична енергија. |
| Втора фаза од активноста:<br><br>Во оваа фаза беше планирано одржување на настан по повод Светскиот ден за заштеда на енергијата, 05.03.2020. „Енергијата вреди треба да се штеди“. | Тимот за енергија не го реализираше овој настан, поради актуелната состојба со корона вирусот и распуштање на училиштата.<br>Иако веќе се беше подготвено за одржување на истиот, тој е одложен за следната учебна година. |

Изработил: Сузана Дишковска

## *Еко стандард 2:Заштеда на водата*

Тимот за заштеда на вода во текот на учебната 2019/2020 година, држејќи се на точките на акција и планот на активности, го реализираше следното:

| Цели од годишната програма на тимот | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Точка на акција бр.4<br><br>Формирање на еко-патроли (група на ученици, односно деца) вклучени во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и го контролираат процесот на имплементација на овие активности. | реализирано | септември – октомври, 2019 г. | За реализација на точката на акција, одговорните наставници за еко патролите: Јасна Гулевски, Светлана Јовановска, Вера Лајмановска- од одделенска настава и Катерина Трајковска од предметна настава направија почетен избор на ученици за еко патролите, но во текот на учебната година можни се и измени. Списоците следат подолу во продолжение. |
| Точка на акција бр.1 Исправна водоводна инсталација | реализирано | септември-март | Во текот на учебната година се до почетокот на месец март, 2020 г. се вршеше теренско набљудување од страна на еко патролите за состојбата во училниците и WC-ињата, се водеше евиденција - извештај и доставување доодговорниот наставник. |
| Посета на браната на вештачкото езеро Стрежево | | октомври, 2019 | На 8.10. 2019 г. одговорните наставници од тимот Јасна Гулевски и Катерина Трајковска заедно со ученици од одделенска и предметна настава ја посетија браната. Стручни лица ги запознаа учениците и наставниците со целта, времето на изградба на браната, како и со придобивките и значењето од постоењето на браната за Битола и околината. Од оваа активност требаше да следат дополнителни активности во второто полугодие. Со оглед на ситуацијата со Ковид 19 училиштата престанаа со работа и наредните предвидени активности не се реализраа. |

Изготви: Јасна Гулевски

## *Еко стандард 3:Одржување на зградата и здрава внатрешна средина*

Тимот за одржување на зградата и здрава внатрешна средина во текот на учебната 2019/2020 година, држејќи се на точките на акција и планот на активности, го реализираше следното:

| Цели од годишната програма на тимот | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите |
|---|---|---|---|
| Собирање на неупотребливи предмети како што се остатоци од училишен прибор, остатоци од производи за хигиена, остатоци од амбалажа | реализирано Учениците од IV-2 и одделенскиот наставник Велика Дуковска | 27.12.2019 | Собирна акција на ролни од тоалетна хартија.<br>-Обложување на ролните со хартија во боја и оформување на новогодишни украси - снегулки.<br>-Украсување на училницата со изработените украси. |
| Собирање на неупотребливи предмети како што се остатоци од училишен прибор, остатоци од производи за хигиена, остатоци од амбалажа. | реализирано<br><br>С.Захариева, Ленче Крстеска и тим од 30 ученици од деветто одделение Хаусмајстор Претставник од МКЦ | Декември, 2019 | Учество на Јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола за реализација на акивности од акцискиот план за развој волонтерство, во соработка со МКЦ.<br>Изработени се масички и клупи за дворот на училиштето од стари клупи и столчиња кои биле отстранети од училниците, а со добиената финансиска помош од 9000 денари беа обезбедени: дрвена граѓа, бои, четки, заштитни маски и ракавици за учениците. |
| Користење на еколошки и нетоксични хигиенски средства | Реализирано Наставник: С.Захариева | 21.8.2019 | -Поднесена апликација за снабдување на училниците со прочистувачи за воздух, на која беше добиен позитивен одговор Апликацијата е во склоп на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година на Владата на РМ. |
| Изработка на Вертикална градина за прочистување на | Наставник: Дарко Аврамоски | 27.02.2020 | Учениците од 9 одд. под менторство на наставникот Дарко Аврамоски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| воздухот во училниците, од рециклирани материјали | Снежана Захариева Бојана Д. Гоновска Ученици: Евгенија Захариева, Ева Домазетовска , Теодора Јовчевска, Давор Савески и Данило Талевски | | учествуваа на UPSHIFT работилниците кои се одржаа во Струга од 27-29.02.2020 год. Целта на овие работилници беше учениците да развиваат нови вештини, да научат повеќе за социјалното претприемништво и да стекнат нови пријателства. Од вкупно 10 тимови од нашата земја нашиот проект за вертикална градина се вброи меѓу првите 5 што резултира со добивање грант од 2000 евра за реализација на истиот.Проектот ќе се реализира во целост по стабилизирање на состојбата со пандемијата. |
| Интересни факти за водата – online брошура | Наставник: Снежана Захариева Ученици од 9 одделение | 22.04.2020 | Збирка интересни факти за водата изразени преку проценти - подготвена за Март - месецот на екологијата, ја објавена на 22. Април, Светскиот ден на планетата Земја |

изработил: С.Захариева

## *Еко стандард 4: уреден и еколошки двор*

Еко стандард 4: уреден и еколошки двор

Тимот за уреден и еколошки двор во текот на учебната 2019/2020 година, држејќи се на точките на акција и планот на активности, го реализираше следното:

| Цели од годишната програма на тимот | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите |
|---|---|---|---|
| Формирање на екопатроли (група на ученици вклучени во реализација на точките на акција) | реализирано | октомври 2019 | Во месец октомври се формирани се еко-патроли од ученици од VI и IX одделение кои имаат задача да го надгледуваат, следат, контролираат процесот на имплементација на активностите. |
| Одстранување непотребни и нефункционални предмети и растенија од дворот | реализирано | Септември-март 2019/20 | Формираните еко-патроли имаа задача во повеќе акции да го чистат училишниот двор од непотребни и нефункционални предмети. |
| Редовно чистење на дворот | реализирано | Еднаш седмично во тековната 2019/20 | - одржување на чиста средина<br>- развивање на еколошка свест |
| Одржување на зеленилото (редовно кастрење на зеленилото и косење на тревата) | реализирано | Во есен и пролет 2019/20 | - одржување на чиста, уредна и пријатна средина<br>- развивање на еколошка свест |

Изработил: Андриана Димитров

## *Еко стандард 5. Отпад*

Тимот за отпадво текот на учебната 2019/2020 година, држејќи се на точките на акција и планот на активности, го реализираше следното:

| Цели од годишната програма на тимот | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите |
|---|---|---|---|
| Точка на акција бр.2 2.Евиденција на собраниот отпад | реализирано | септември/ февруари 2019/2020 | Секој последен петок од месецот , ЈП Комуналец-Битолаго собира селектираниот отпад и за истиот се води евиденција во колкава количина е. |
| Точка на акција4<br><br>Поставување на упатства за селекција на отпад на видно место | реализирано | септември// март 2019/2020 | Тимот постави упатства за селекција на отпадот на видно место и еднаш неделно преку разглас се известуваат учениците и вработените за акција за собирање на плстични шишиња и стара хартија и селектирање на истите на соодветно означено место |
| Точка на акција5.<br><br>Формирање еко патроли кои ќе го следат, надгледуват и контролираат процесот на имплементација на овие активности | реализирано | септември/м арт 2019/2020 | За реализација на точката на акција, одговорните наставници за еко патролите направија почетен избор на ученици за еко патролите, но во текот на учебната година можни се и измени |
| Точка на акција6 6.Воспоставување пракса за селекција на отпадот при одржување на настани | реализирано | септември/м арт 2019/2020 | После секоја приредба, настан и сл. екопатролите се грижат за селекција и чистење на просторот |
| *АНЕКС<br>Точка на акција 3<br>Поставување на компостер | | | Иако третата точка на акција: Поставување на компостер не беше планирана, нашето училиште потпиша договор со ЈП Комуналец, со кој претпријатието ќе ни достави компостер, односно контејнер за био отпад и истит во договор ќе го подига |

Изработи:Билјана Печипајковска

## *Еко стандард 6:Транспорт*

Тимот за транспорт во текот на учебната 2019/2020 година, држејќи се на точките на акција и планот на активности, го реализираше следното:

| Цели од годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите |
|---|---|---|---|
| Потттикнување на праксата за користење велосипеди кај учениците и вработените | Реализирано | септември 2019 | Беше одредена локација каде ќе биде поставена паркинг зоната за велосипеди која би се користела од страна на вработените и учениците во училиштето. |
| Зголемување на бројот на ученици и вработени кои користат велосипед | Реализирано | 2019/2020 | На часовите по техничко образование беа изработени неколку упатства со цел да се создаде навика учениците и вработените почесто да го користат велосипедот како превозно средство во секојдневниот живот. |

Изработи :Дарко Аврамоски

Забелешка: Активностите редовно се реализираа до 11 март 2020

Координатор
Снежана Стојанова

## *Тим за електронска библиотека*

Библиотеката во предметна и одделенска настава во текот на првото полугодие од учебната 2018/19 год. во целост ги реализираше предвидените проекти и активости предвидени со годишната програма за работењето во библиотеката.

На почетокот на училишната година сите ученици добија бесплатни учебници. За применете учебници беа изготвени и записници за примопредавање на учебниците по наставници т.е.класни раководители.

На почетокот на училишната година се започна со електронско евидентирање на библиотечниот фонд, со што им се овозможува на учениците да имаат полесен пристап до бараната литература, автор и податоци на интернет поврзани со бараната книга.

Исто така е формирана и база на електронски изданија на книги,кои учениците ги користат во електронска форма.На учениците им се даваат и линкови преку кои учениците и наставниците можат да користат електронски изданија.(http://www.makedonika.mk/)

Паралелно со евидентирањето на библиотечниот фонд е вршена и репарација на оштетени книги.

Учениците од прво и второ одделение беа запознаени со начинот на издавање на библиотечниот фонд, начинот на чување и ракување со книгите.

Оние ученици кои доцнеа со враќање на изнајмените книги беа уредно известени да ги вратат изнајмените книги до крајот на прво полугодие.

Училишната библиотека оствари и соработка со „Матичната библиотека Климент Охридски" и учествуваше во заеднички проекти и активности за да се истаке важноста на библиотеката.

Во месецот на книгата, октомври, беше организирано и заеднички настан за сите училишни библиотеки од нашиот град, на тема Зошто ја сакам мојата библиотека, на кој зеде учество и нашето училиште заедно со учениците од 7мо одд.претставувајќи се со проза, поезија, драма и активност под наслов на истата тема.

Претседателот на библиотекарската секција зеде учество на натпреварот за“Млади библиотекари“ под ментортсво на библиотекарот.

Библиотекарската секција, активно учествуваше во украсувањето на училишните паноа за патрониот празник, како и украсување на училиштето заедно со дефектологот по повод Новата година.Исто така нашето училиште присуствуваше на новогодишниот саем на книгата, со омилените списанија на Просветно дело, присуствувајќи библиотекарот заедно со учениците од второ одделение на креативна интерактивна работилница во Универзитетската библиотека.

Битола, 11.06.2020 г.

Библиотекар

________________________

/Живко Петровски/

## Тим за училиште без насилство

Во текот на месец септември на заинтересираните ученици кои изразија желба да бидат дел од овој тим им ја презентиравме програмата за работа. Учениците со задоволство ја прифатија програмата и активностите, во насока на подобрување на училишната клима и спречување на насилството.

На учениците кои станаа членови на тимот за ненасилство, во текот на месец октомври им беа презентирани материјали за видови насилство, со цел да се информираат за различните видови насилство, начините за заштита и превенција од истите.

На 1 Ноември во трпезариската сала на ОУ„Св. Климент Охридски“- Битола се одржа заеднички настана на двете училишта ОУ„Св. Климент Охридски“- Битола и ОУ„ Св. Кирил и Методиј“- Битола под мотото „Заедно градиме свет без насилство.

Овој настан беше осмислен и координиран од Андриана Димитров, а во него учествуваа наставниците ментори: Жанета Ристевска, Сања Кузмановска, Весна Јанкулоска, Анкица Стевановска и Даниела Петковска, со голем број на ученици од различни возрасти.

На овој настан учениците преку монолози ги претставија емоциите што ги буди насилството од различен облик. Со секој монолог беше представена психологијата на личноста вовлечена во насилството и психологијата на личноста која го трпи насилството. Начинот на кој може да се реши конфликтот и да се стави крај на тоа насилство. Поука која ја извлекуваме и порака која треба да ја носиме со себе.

Потоа секој монолог беше поткрепен со танц кој имаше за цел уште помоќно да ги долови чувствата кои ги буди насилството.

Најпрво беше представено физичко насилство од име на жртва на насилство. Неговите мисли, секојдневие и внатрешна борба. Представен беше начинот на разрешување на насилството.

Потоа преку боречки вештини и танц беше представено физичкото насилство и отргнување на истото.

| 17.. Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 14. 10 2019 | На покана од ЈП Комуналец-Битола, претставник на нашето училиште присуствување на настанот Симбиотски мрежи за одржливо управување со органски отпад СИМБИОЗА.При тоа беше склучен договор со претпријатието за нашето училиште да добие контејнер за био отпад, а ЈП Комуналец се обврзува да го подига истиот. | / |
| 18. Учество на прослави на празници, јубилеи со академии и манифестации од јавен интерес.<br>Цели- Подигнато културно - образовното ниво и развиени патриотски чувства кај учениците, вработените и локалното население . | Да | 16.10 2019 | Ученици од осмо одделение, по повод Европски ден на борба против трговија со луѓе, присуствуваа на работилница организирана од Здружението за еднакви можности ' Семпер' - Битола. | / |
| 19.Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 17.10 2019 | Хаусмајсторите од нашето училиште во соработка со Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола ги освежија со боја спортските терени. | / |
| 20. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- Подобрени услови во училиштето. | Да | 22.10. 2019 | "Месецот на книгата" веќе традиционално се одбележува секоја година во периодот од 15 Октомври до 15 Ноември и во дел од училиштата и општините од државата со цел да се придонесе за популаризација на читањето меѓу учениците.На овој настан присуствуваа 100 ученици од нашето училиште" Св.Климент Охридски "-Битола. | / |
| 21 .Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- Подобрени услови во училиштето и грижа за учениците. | Да | 26.10 2019 | На 24 Октомври, 2019 година, во НУУБ "Св.Климент Охридски"-Битола се одржа работилница на тема "Дали младите можат да го променат светот".Работилницата ја одржа волонтерот од Шпанија, Хуан Хесус Прадо Родригез.На овој настан присуствуваа ученици од нашето училиште "Св.Климент Охридски"-Битола | / |
| 22. Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 30.10 2019 | Учениците од второ одделение беа посетени од сообраќаен полицаец. Во секоја паралелка сообраќајниот полицаец одржа кратко предавање за значајните работи од областа на сообраќајот што треба да ги знаат | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | децата од оваа возраст. Учениците беа многу задоволни од посетата, а секако и за добиените поклончиња- Сообраќајна лектира и распоред на часови со сообраќајни мотиви. | |
| 23. . Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците . | Да | 01.11 2019 | Членовите на англиската секција од VI и VIII одделение традиционално го одбележаа Halloween во училиштето и со посета на забавата во Амерканското катче | / |
| 24.Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- Подобрени услови во училиштето. | Да | 01.11 2019 | Заедно градиме свет без насилство“ Активноста беше реализирана со соработка на двете училишта „Св.Климент Охридски“ Битола и „Св.Кирил и Методиј“Битола. | / |
| 25. Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 04.11 2019 | Во соработка со библиотеката НУББ "СВ. Климент Охридски"-Битола, учениците од четврто одделение реализираа работилница на која беа изготвени книги за "Градот Битола". | / |
| 26 . Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 05 . 11 2019 | Соработка со Водостопанство Битола за уредување на површината околу спортските терени и рамнење за побезбедно пристапување до нив. | / |
| 27 . Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците . | Да | 13.11 2019 | **Во** посета на градскиот пазар беа учениците од второ одделение од нашето училиште “Св. Климент Охридски“ кои беа примени од директорот на “Пазари“, Владе Атанасовски. По средбата во управната зграда на ова битолско јавно претпријатие и запознавање со тоа како се продава на пазарот, учениците заедно со вработени од “Пазари“ го прошетаа пазарот и се запознаа со сезонските производи кои се продаваат во пазарот во Битола. | /<br>/ |
| 28 . Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците . | Да | 13.11 2019 | Санирање на просторот околу влезот на училиштетот во соработка со Општина Битола и ЈП Нискоградба Битола | / |
| 29 . Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 18.11 2019 | Се грижиме за безбедноста на нашите ученици. Обновена заштитната рампа пред главниот влез на училиштето во соработка со ФОД Битола. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 30 . Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 29.11 2019 | Учениците од четврто одделение од нашето училиште ОУ".Св.Климент Охридски "-Битола беа во посета на Тера Телевизија, каде што се стекнаа со дополнителни сознанија за Медиумската писменост, беа запознати со процесот на создавање вести, емисии и целосната програма која ја произведува и емитува телевизијата. | / |
| 31.Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 29.11 2019 | Ученици од деветто оделение од нашето училиште ОУ.Св.Климент Охридски-Битола,учествуваа на работилницата која ја водеше германскиот писател и илустратор Јенс Расмуст, а во соработка со Гете институтот.Преку ваквата работилница учениците имаат можност одблиску да се запознаат со автентичноста на германскиот јазик, но и култура,уметност, книжевност и се останатошто може да го збогати нивниот дијапазон на знаење.Работилницата беше реализирана во соработка со наставникот Никола Аврамовски. | / |
| 32. . Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците . | Да | 29.11 2019 | Соработката со компанијата „Кромберг и Шуберт“ продолжува со нашето училиште. Покрај со масички и столчиња, учлниците за прво одделение се опремени и со нови шкавчиња. | / |
| 33. . Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците . | Да | 29.11 2019 | Се грижиме за еднакви можности за сите ученици да ја следат кабинетската настава со изработка на пристапна рампа на вториот кат во училиштето и сето тоа благодарение на директорот Методија Тасевски и вработените во ФОД Новаци за нивната хуманост и донација. | / |
| 34 . Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците . | Да | 02.09-02.12 2019 | Во соработка со локалната бизнис заедница, односно со ДООЕЛ"БК-МАРКЕТ"-Битола и ДООЕЛ "ДУОФУД", Bulevard Bakery-Битола реализиран е Екопроект "Валкано или чисто не е исто"(Екопораки за почиста околина).Носител на проектот е ОУ."Св.Климент Охридски"-Битола, IV-5 одделение со одделенскиот наставник Билјана Печипајковска. | / |
| 35 . Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците . | Да | 02.12 2019 | Одбележување на 1 Декември светски ден за борба против сидата со учество на ученици членови на училишното радио. Активноста беше реализирана во соработка со претставници на Центарот за јавно | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | здравје. | |
| 36 . Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците . | Да | 03.12 2019 | Во одбележувањето на 3ти Декември - Меѓународниот ден на лицата со попреченст се вклучи и нашето училиште под раководство на училишниот дефектолог. Настанот беше организиран од ЛК Кабадаја. | / |
| 37. . Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците . | Да | 03.12 2019 | По повод 3ти Декември - Меѓународниот ден на лицата со попреченост се вклучи и ликовната секција од нашето училиште под раководство на наставничката Ленче Крстеска. Во Магаза ученици од повеќе основни училишта твореа и цртаа на тема Љубов. Нашата ученичка Марија Стефановска од VII-5 освои I награда. | / |
| 38. .Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | тековно | Нашето училиште е вклучено во Еразмус проектот, проект за професионално и кариерно насочување на учениците.<br>Во проектот се вклучени 5 земји Норвешка, Данска, Полска, Германија и Македонија.Од посетите кои се реализираат во различни земји учениците имаат можност да дознаат за професиите во разлилните земји, начинот на кариерно насочување на учениците и да учествуваат во практични работилници. | / |
| 39. Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 17.12 2019 | Ученици од нашето училиште, членови на детскиот парламент заедно со координаторот Бојана Димовска Гоновска учествуваа на работилницата "Детски парламент" организирана по повод патрониот празник на ОУ."Даме Груев"- Битола.Работилницата беше одржана во Советот на општина Битола и се состоеше во два дела.Изработка на пано и дискусија за правата на детето и втор дел дебата "Замена на класичните учебници со е-учебници. | / |
| 40. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 23.12 2019 | Промоција на првата сликовница-боенка во издавачкиот опус на ЗГ,,Златно Перо" ,,Принцезата Стоја".<br>Промоција на сликовницата-боенка,,Принцезата Стоја"<br>автор: Олга Наумовска<br>илустратор: Јана Танчевска ученичка во V-3одд. во нашето училиште<br>издавач ЗГ,,Златно Перо"-Битола<br>Промоцијата беше реализирана во нашето училиште ОУ,,Климент Охридски"-Битола | / |
| 41. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- Подобрени услови | Да | 25.12 2019 | Книжевен настан: „Се дружиме со Стојан Тарапуза". На Педагошки факултет Битола, седмоодделенките Веда Мавровска и Ивана Новачевска и нивниот ментор, Соња Петровска, беа почестени со учеството во | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| во училиштето. | | | поетскиот блок - поезија од Стојан Тарапуза- интерпретација на студенти и ученици, со изразно говорење на две песни од поетот. Ученичките беа воодушевени од средбата со поетот, од силата на неговиот стихозбор. Тој ги плени нивните срца , посебно со одговорот на едно нивно прашање: Вие, децата, сте мојата инспирација. Тие искрено веруваат - тој е и нивна поетска инспирација. | |
| 42. Соработка со Општина, установи и претпријатија. Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 26.12 2019 | Детски насмевки, радост, среќа и љубов. Празниците кои што претстојат се најдобра прилика за да ги оствариме нашите желби. Новогодишни пакетчиња за децата на вработените со впечатлив едукативен театарски перформанс со Маја, животните и Дедо Мраз. Децата на големо задоволство и со внимание ја проследија претставата , а потоа се радуваа на новогодишните пакетчиња со желби за повесела и побезгрижна Нова година. | / |
| 43. Соработка со Општина, установи и претпријатија. Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 27.12 2019 | И ОУ"Св.Климент Охридски Битола, дел од иницијативата "#**Метисисокласнето**" | / |
| 44. Учество во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хуманитарни). Цели- Развивање на свеста кај учениците. | Да | 30.12 2019 | И оваа година во училиштето се одржа хуманитарна акција „Љубов за секое дете“, беа поделение новогодишни пакетчиња, со пригодна приредба и целосна поддршка на тимот ученици. | / |
| 45. Учество во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хуманитарни). Цели- Развивање на свеста кај учениците. | Да | 30.12 2019 | Посета на нашите ученици од V-1одд. со наставничката Надица Трпковска, делење на поклончиња и дружење со штитениците од Дневниот центар на лица со попреченост, како и делење на благодарници под покровителство на ЛК Кабадаја. | |
| 46. Учество во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хуманитарни). Цели- Развивање на свеста кај учениците. | Да | 30.12 2019 | Посета на ЛК Кабадаја по повод Новогодишните празници и делење на новогодишни подароци. Благодарност до наставничката Соња Петровска и учениците за драмската претстава. | |
| 47. Учество во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хуманитарни). Цели- Развивање на свеста кај учениците. | Да | 31.12 2019 | Во месец Декември МКЦ-Битола заедно со учениците и неколку професорки од ОУ"СВ.Климент Охридски"-Битола, реализираа волонтерска акција преку која се изработи инвентар за летна училница што се постави во дворот на училиштето.Голем број на ученици учествуваа во акцијата и беа мотивирани да создаваат нови производи со рециклирање на материјалите и да дадат свој придонес во подобрувањето на условите во училиштето. | *I.* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Благодарност до Општина Битола, Совет на волонтери, учениците, наставничките по ликовно образование Анкица и Ленче и хаусмајсторите Зоран и Горан. | |
| 48. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- Подобрени услови во училиштето. | Да | 23.01 2020 | Во нашето училиште се одржа инфомативна средба за основните училишта од Битола, Новаци и Могила на која присуствуваа наставниците кои го предаваат предметот Иновации. | /. |
| 49. Учество во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хуманитарни).<br>Цели- Развивање на свеста кај учениците. | Да | 05.02 2020 | "Настава без мобилни телефони"<br>Во нашето училиште ОУ"Св.Климент Охридски –Битола со неколку генерации наназад се реализира настава без користење на мобилни телефони во соработка со родителите. Директор Гордана Анастасова, наставник Виолета Стевановска. | / |
| 50. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- Подобрени услови во училиштето. | Да | 05.02 2020 | Центар за култура 75 години настава на македонски јазик во СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито„ - Битола. Ораторски клуб „Анима 3"<br>ТРАДИЦИЈАТА ПРОДОЛЖУВА - порачуваат Климентовите ученици: Јана Белевска, Ангела Стојановска, Симон Михајловски и Борјан Обедниковски (втора година). | /. |
| 51. Учество во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хуманитарни).<br>Цели- Развивање на свеста кај учениците. | Да | 09.02 2020 | Во организација на Сојузот на спортови - Битола<br>На изборот на спортист на Битола ОУ. Св.Климент Охридски-победник на Традиционалната ноќна трка 4-ти Ноември за 2019година - основно образование | /. |
| 52. . Учество во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хуманитарни).<br>Цели- Развивање на свеста кај учениците. | Да | 14.02 2020 | Тематската ликовна изложба „Ноќ" посетена и од градоначалничката Наташа Петровска, менторство и со поддршка на наставниците по Ликовно образование Стевче Тодоровски и Ленче Крстеска.Учество зедоа ученици од 6,7,8 и 9 одделение. | /. |
| 53. Учество во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хуманитарни).<br>Цели- Развивање на свеста кај учениците. | Да | 17.02 2020 | Под мотото :"Ако сонуваш сам, тоа останува само сон, а ако сонуваме заедно, тоа ќе стане реалност ", учениците по италијански и француски јазик од VI до IX одделение од ОУ Св. Климент Охридски од Битола, под менторство на наставичката Маја Милевска-Кулевска, се вклучија во Светската кампања за подигнување на јавната свест и одбележување на денот на ретки болести.Пораката што сакаат да ја пренесат е дека сите деца имаат право на среќно детство и притоа промовираат подршка за 5 % од ретките болести за кои има лек преку обојување на петте прсти од | /. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | нивните раце. | |
| 54. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- Подобрени услови во училиштето. | Да | 17.02 2020 | Донација од Интер Вил Клуб. Добро би - за полесно совладување на математичките операции при реализирање на индивидуалните образовни планови. | /. |
| 55. Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 17.02 2020 | Учениците од IV одделение заедно со нивните наставнички беа во посета на компанијата „Кромберг и Шуберт“. За време на прошетката низ компанијата учениците имаа можност да се запознаат со начинот на работа и со производствениот процес. Голема благодарност до Тимот на „Кромберг и Шуберт“ за гостопримството и соработката. | /. |
| 56. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- Подобрени услови во училиштето. | Да | 25.02 2020 | Во рамките на проектот "Што е следно?преку Еразмус програмата основното училиште "Св.Климент Охридски"од Битола е домаќин на претставници од Норвешка,Данска,Германија и Полска. | /. |
| 57. Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 26.02 2020 | Учениците од IV одделение заедно со нивните наставнички беа во посета на Општина Битола, каде што имаа можност да се запознаат со работата на Советот во Општината, просториите , задачите и обврските на вработените во одделни сектори во Општината. | /. |
| 58. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- Подобрени услови во училиштето. | Да | 26.02 2020 | Прва форумска сесија од проектен форум во Општина Битола која се одржа во НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола на која присуствуваа дефектологот од нашето училиште Андријана Шокларовска и наставничката Билјана Печипајковска. | /. |
| 59. Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 27.02 2020 | American Corner Битола во посета на нашето училиште.<br>Претставници на Американското Катче во Битола ги презентираа нивните активности и можностите кои ги нудат за учениците.Учениците од нашето училиште најмногу интерес покажаа за активностите Games and gadgets и Maker Fairs. | /. |
| 60. Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 29 .02 2020 | Учениците од IX одд. : Евгенија Захариева, Ева Домазетовска, Теодора Јовчевска, Давор Савески и Данило Талевски под менторство на наставникот Дарко Аврамоски учествуваа на UPSHIFT работилниците кои се одржаа во Струга .<br>Целта на овие работилници беше учениците да развиваат нови вештини, да научат повеќе за социјалното претприемништво и да стекнат нови пријателства.<br>Од вкупно 10 тимови од нашата земја нашиот проект за вертикална градина се вброи меѓу првите 5 што резултира со добивање грант од 2000 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | евра за реализација на истиот. Голема благодарност и до наставниците Снежана Захариева и Бојана Димовска Гоновска кои помогнаа при аплицирањето за проектот. | |
| 61. Соработка со Општина, установи и претпријатија. Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 05 .03 2020 | **Со станувањето членка на вело мрежата во проектот Вело Училишта, учениците заедно со наставниците веднаш се мотивираат да реализираат едукативни активности. Таков е примерот и со ООУ„Св.Климент Охридски“ од Битола, кое и покрај студените зимски денови спроведе вежба “Точка до точка“ Активноста беше интегрирана со предметот математика при што учениците од второ одделение ги поврзуваа редоследно броевите до 30, дискутираа за велосипедот- неговата намена и ползата од негово користење.** | /. |
| 62. Соработка со Општина, установи и претпријатија. Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 06 .03 2020 | **Како дел од проектните активности на “Еразмус+“ проектот “Што е следно“- професионално и кариерно насочување на учениците, ОУ “Св. Климент Охридски“- Битола, беше домаќин на 15 наставници, кариерни советници и директори од Норвешка, Данска, Германија и Полска. На мобилноста се одржа работилница за аспектите на професионалното и кариерното насочување на учениците и начини на подобрување на истото со што се разменаа искуства меѓу претставниците на различните земји.Исто така во соработка со СОТУ “Ѓорѓи Наумов“- Битола, НУУБ “Климент Охридски“- Битола и збратименото училиште “Григор Прличев“ од Охрид гостите имаа можност да разгледаат како кај нас се работи со учениците и како тие професионално и кариерно се надочуваат.** | /. |
| 63. Соработка со Општина, установи и претпријатија. Цели- Подобрени услови во училиштето. | Да | Март | **Поради одрон на земјиштето на спортските терени на училиштето се постави бетонски потпорен ѕид со цел да се спречи понатамошно одронување на земјата , во соработка со РЕК-Битола.** | /. |
| 64. Соработка со Општина, установи и претпријатија. Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 31.05 2020 | **31 Мај - Светски ден за борба против пушењето.** **Соработка со Центарот за јавно** | /. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **здравје за болести и последиците од пушењето.Откако учениците ја проследија презентацијата која ни беше изпратена од Центарот за јавно здравје за болести и последиците од пушењето, учениците од деветто одделение споделија своите мислења и пораки за штетноста на оваа појава.** | |
| 65. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | Март-Јуни | **Поради новонастанатата ситуација со ширењето на вирусот Covid 19,и одлуката на Владата за привремен прекин на воспитно-образовниот процес во државата, наставата за учениците во нашето училиште ОУ".Св.Климент Охридски" –Битола се реализираше онлајн, наставниците преку дигитални платформи продолжија со реализација на наставните содржини и комуникација со учениците.** | /.<br>/ |
| 66. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции.<br>Цели- стекнување на нови знаења кај учениците. | Да | 12.06 2020 | **И за време на пандемија со која се справуваме неколку месеци наназад како училиште успеавме да учествуваме на повикот од Фондот за иновации "Предизвик за Млади истражувачи 3" со проектот Пиезоелектричен генератор (патека врз која учениците ќе се движат и ќе се продуцира електрична енергија).Од сите основни училишта во нашата држава освоивме II место и добивме грант од 200 000 денари за реализација на истиот. Огромна благодарност до менторите Дарко Аврамоски и Бојана Д.Гоновска и учениците: Дарко Каревски, Виктор Колеќески и Елени Попоска.** | /. |
| 67. Соработка со Општина, установи и претпријатија.<br>Цели-- Подобрени услови во училиштето. | Да | 02.07 2020 | **„Училница во природа" уште едно пријатно катче за учениците од нашето училиште.Со почетокот на новата учебна година нашите ученици дел од часовите ќе можат да ги реализираат во уште една „Училница во природа" направена во нашиот училишен двор. Голема благодарност до вработените во „Водостопанство" Подружница „Битолско поле" Битола, хаусмајсторите и целиот технички персонал во училиштето.** | /. |

Подготвил: Координатор на проектот- Елена Угарчева

## *Тим за соработка со НВО*

Во текот на првото полугодие во учебната 2019/2020 година во нашето училиште се одржаа неколку настани кои беа во соработка со неколку различни невладини организации.

Започнавме со одбележување на Светскиот ден на здравата храна. На 16.10.2019 ученици од нашето училиште, под менторство на наставничката Катерина Трајковска заедно со здружението за наука,култура и литература " Златно перо" – Битола ( преку проектот БАНКА ЗА ХРАНА), како и нутриционист Влатко Таневски, организираа работилница на тема " Повеќе храна во домовите, помалку во депониите". Целта на работилницата беше учениците да се запознаат со придобивките од здравата храна. Работилницата заврши со подготовка и козумирање на здрави овошни и зеленчукови шејкови.







По повод 18 октомври – Европски ден на борба против трговија со луѓе, во нашето училиште се одржа работилница, која беше организирана од страна на Здружението за еднакви можности "Семпер" – Битола и наставничката Катерина Трајковска. На работилницата учествуваа околу 30 ученици на возраст од 12 – 14 години, кои најпрво беа запознати со проблемот со трговија со луѓе, а потоа им беше емитуван и краток филм, на кој беа презентирани ситуации од секојдневнот живот преку кои се врши точно таа трговија. По завршувањето на филмот следеше дискусија и дебата во која активно се вклучија сите ученици





По повод 18 октомври – Европски ден на борба против трговија со луѓе,една група ученици од 8 одделение организираа активност, заедно со здружението за еднакви можности "Семпер" – Битола која се реазлизира надвор од училиштето, под менторство на наставничката Катерина Трајковска Целта на активноста беше да се поделат флаери на постари и помлади лица кои содржеа слики и упатства за тоа како да се заштитиме од непрепознатливите трговци со луѓе.






По повод 19 ноември – Светски ден за превенција на детската злоупотреба и 20 ноември – Меѓународниот ден на детето, во Центарот за култура-Битола се одржа приредба во организација на Центарот за човекови права „АМОС“ – Битола. На приредбата учествуваа повеќе од 240 деца од Битола, меѓу кои и нашите ученици од III-3 одделение кои се претставија со песната „Супер клас“ под менторство на наставничката Даниела Петковска и Сања Кузмановска.




По повод Неделата на борба против трговија со луѓе,на 12.12.2019 под менторство на наставничката Катерина Трајковска во соработка со Здружение за еднакви можности – Семпер од Битола, се одржа едукативно предавање од страна на предавач Ѕала Бојковска, за борбата против трговија со луѓе како и семејно насилство, како да се препознае и како да се превенира.



Координатор на тимот:

Катерина Трајковска

## Извештај за работата на дневниот престој

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ 2019/2020

Во дневниот престој се опфатени сите ученици кои имаат потреба од истиот, од прво до петто одд. На почетокот на оваа учебна година во дневниот престој се запишаа околу 83 ученици, а наредните месеци нивниот број вариураше и до крајот на учебната година достигна до 126.

Воспитно-образовната работа ја изведуваа 5 одделенски наставници одговорни за дневниот престој, со работно време од 7 до 17 часот. Од 11 Март 2020 г. во Р. Северна Македонија се прогласи вонредната состојба поради Корона вирусот и училиштата беа затворени. Се донесе одлука наставата да продолжи да се реализира онлајн до крајот на учебната година. Во тој период наставниците од Дневниот престој изработуваа видеа за слободни активности, кои учениците ги гледаа онлајн. Веднаш потоа добиваа задача соодветна на она што го гледале. Учениците одлично ги прифатија овие активности.

| Цели од годишната програма на тимот 2019/2020 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| -Развивање на интересите за увојување и проширување на знаењата<br>- Развој на целокупната личност на ученикот, нејзините индивидуални и единствени потенцијали<br>-Подготовка на учениците за понатамошно образование и перманентно учење | Задолжителни активности | Септември-јуни | - Изработка на домашна работа;<br>- Повторување на материјалот;<br>- Подготовка за писмени работи;<br>- Работа со компјутери.<br>Задолжителните активности се реализираатсо цел за развивање на интересите за усвојување и проширување на знаењата. | Задожителната активност Работа со компјутери не се реализира во целост поради недостаток на интернет во текот на учебната година. |
| -Воспитание на учениците според универзалните морални начела<br>-Социјализација | Слободни ученички активности | Септември-јуни | Слободни активности реализирани во просториите на дневниот престој, во малата сала и училишниот двор.<br>- *Мало училиште за големи* | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| –Да развива способност за организација на времето (корелација меѓу учењето и слободното време)<br>-Да развива навики за другарљубивост и соработка | | | *нешта*<br>*- Моливот пишува со срцето*<br>*- Шарам-создавам*<br>*- Пееме,танцуваме,глумиме*<br>*- Игри без граници*<br>*- Активности по избор на учениците.* | |
| -Едукација за корупција и антикорупција<br>-Учениците да се запознаат со поимот корупција и антикорупција, социјален притисок,етичност..<br>-Облиците во кои мозе да се јави корупцијата<br>-Да го знаат штетното влијание на корупцијата о нејзиното спречување | Активности за корупција и антикорупциј | 27.09.2019<br>25.10.2019<br>15.11.2019<br>20.12.2019 | Со цел запознавање на учениците со поимот корупција и антикорупција во текот на првото полугодие се одржани четири работилници. Сите работилници беа различни. Во првата, учениците преку предавање од наставниците беа запознаени со поимите, па потоа им беа поделени текстови за да препознаат во кој текст има корупција. И во останатите три работилници учениците беа доведувани преку осмислени игри, прашалници, текстови да препознаат корупција, да увидат на дека корупцијата е зло за човекот и општеството и да ја спречат истата. | |
| -Еколошка едукација во воспитно-образовниот процес | ЕКО активности – Заштеда на енергија | 12.12.2019г. | Со цел развивање на еколошката свест кај учениците за заштеда на ел. енергија во просториите на дневниот престој се одржа активност – изработка на упатства за заштеда на електрична енергија. Учениците доаѓаа до различни сознанија за ел. Енергија од различни | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | извори за учење. Се дискутираше околу потребата за тоа каде и колку се троши електричната енергија, се бараше начин за разумно користење на истата.Потоа изработуваја упатства за заштеда на ел енерги, кои ги залепија на хамери. Следно следеше презентација. | |
| Одбележување и празнување на Денот на училиштето | Активности по повод Денот на училиштето | 05.12.2019-06.12.2019г. | По повод Денот на училиштето во просториите на Дневниот престој се реализираше ликовна и литературна работилница. Учениците работеа во две групи. Едната група изработуваше честитки, цртежи и украси со ликот на Климент Охридски, а другата група пишуваше песни и текстови за неговото дело. | |
| -Прославување и запознавање со Новогодишните празници<br><br>-Развивање на креативни и творечки вештини<br>-Поттикнување и развивање и формирање на позитивен став кон работата<br><br>-Развиваење на навики за дружељубивост и соработка | Активности по повод Новогодишните празници | 16.12.2019-19.12.2019 | Во Престојот се одржа креативна работилница за украсување на вратите и просториите. Активностите на оваа работилница беа доста интересни,креативни,забавни и се одвиваа во пријатна атмосфера исполнета со многу игра,смеа и музика. Прозорците се обложија со најлонска фолија,се нацрта зимски, новогодишен пејсаж, се боеше со темперни и тонери во различни бои, па се украсуваа со памук,светки.Вратите се обложија со хамери во различни бои од кои се изработија фигури со | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | зимски мотиви. | |
| -Одбележување на Денот на мајката<br>-развива љубов кон неа<br>-развивање на креативни и творечки вештини,развивање на моториката,креативноста,истрајноста и доследноста во работата | Активности по повод Денот на мајката | 06.03.2020 | По повод Денот на жената во просториите на Дневниот престој се реализираше активност со која се изработуваа украсни честитки за своите најмили. Учениците со помош на наставниците изработуваа честитки за својата мајка при што несебично ја изразуваа својата љубов со зборови, во истите.<br>Активностите на оваа работилница беа доста интересни, креативни, забавни и се одвиваа во пријатна атмосфера. | |
| -Развивање на креативни и творечки вештини<br>-Поттикнување и развивање и формирање на позитивен став кон работата | Активности по повод Велигденскит е празници | 13-16.04.2020 | По повод Велигденските празници, наставниците од Дневниот престој изработија видеа со инструкции за изработка на велигденски предмети. Учениците ги добија видеата онлајн и успешно си ја извршија својата задача. Изработија предмети кои можат да се видат испратените фотографиите кои стојат посебните извештаи. | |
| - Учениците да ги препознаат разликите и сличностите меѓу луѓето ;<br>- Да ги воочат различните обичаи и обележја на различните култури, вери и религии; | МИО активност <u>Убаво е да се биде различен</u> | 27-30.04.2020 | За да се спроведе оваа активност наставниците од престојот изработија видео со содржина за различностите помеѓу луѓето на тема „Убаво е да се биде различен“. По изгледаното видео учениците имаа за задача нешто да нацртаат или пак да напишат текстови и песнички на дадената тема. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Да научат дека различностите треба да ги прифаќаат и да ги почитуваат. | | | Децата ја прифатија задачата и нацртаа и напишаа многу убави цртежи, леснички и состави. | |
| -Развивање свеста кај учениците за сопственото здравје;<br>- Учениците да ги увидат придобивките за сопственото здравје доколку се хранат со здрава и чиста храна ;<br>-Учениците да научат да препознаваат која храна е добра, а која лоша за нивното здравје;<br>-Учениците да се стекнат навики да конзумираат здрава храна. | ЕКО активност<br><br><u>Пирамида на исхрана</u> | 05-08.05.2020 | По повод оваа активност наставниците од Престојот изработија видео со соржини за здрава исхрана.По изгледаното видео учениците имаа за задача да спремат по еден здрав оброк заедно со своите родители. И оваа задача од учениците беше доста добро прифатена и добивме најразлични фотографии од нивните здрави јадења. | |

| ПОЗИТИВНИ СТРАНИ | НЕГАТИВНИ СТРАНИ |
|---|---|
| 1. Соработка со родителите, со наставниците, со ППС и Директорот на училиштето.<br><br>2. Организирана работа по групи.<br><br>3. Развивање интереси за усвојување и проширување на знаењата.<br><br>4. Дружење меѓу двете смени(развивање на другарски односи,помош и соработка). | 1.Во престојот веќе подолго време компјутерите не работат, а сметаме дека Дневниот престој е место каде што тие и тоа како ни се потребни.<br><br>2.Во престојот не работи и телевизорот. |

Одделенски наставници: Кети Јосифовска
Ана Здравкова
Владо Василевски
Ирена Георгиевска
Анкица Стевановска

## ИЗВЕШТАИ ОД СТРУЧНИ АКТИВИ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

### Стручен актив на прво одделение

| Планирани активности по месеци | Реализирани активности по месеци |
|---|---|
| **АВГУСТ**<br>**ДНЕВЕН РЕД**<br>1. Изработка на програма на стручен актив за прво одделение<br>2. Разгледување на Годишната програма за работа на училиштето и развојниот план<br>3. Планирање и подготовка на наставни средства за прво одделение за наставниците<br>4. Консултации околу потребниот материјал за учениците<br>5. Тековни прашања. | Време: 15.08.2019 година, време 9.15ч.,место: кабинет на I одделение.<br>Во однос на првата точка , членовите на стручниот актив дискутираа за програмата на стручниот актив, што се таа треба да опфати во својата содржина.Во однос на втората се разгледуваше развојниот план<br>Вонодност на третата точка се евидентираа постоечките наставни средства и помагала , се направи договор за некои средства и помагала кои тековно ќе се изработуваат од страна на наставниците и учениците. |
| **АВГУСТ** **ДНЕВЕН РЕД**<br>1. Распределба на новозапишани ученици попаралелки<br>2. Подготовка на приредба по повод приемот на учениците во прво одделение<br>3. Средување на бината во училишната трпезарија<br>4. Тековни прашања | Време: 22.08.2019 година, време 10ч.,место: кабинет на I одделение<br>Консултација околу пограмата ревидирање и сл<br>Договор за набавка потребен материјал за ученици и наставници<br>Квалитет на настава-подобрување<br>За четврта точка се договоривме да имам е 2 отворени часови, со примена на современи методи и форми на работа Се подготвија и еколошки содржини- ЕКО и содржини со имплементација на |

| | |
|---|---|
| | Мултиетничко образование –МИО Се направи и план за реализација на ОЖВ содржините и истиот ке се применува во склоп на содржини од предметот општество и македонки јазик |
| | Време: 27.08.2019 година, време 10ч.,место: кабинет на I одделение. |
| **АВГУСТ ДНЕВЕН РЕД**<br><br>1. Распределба на новозапишани ученици попаралелки<br>2. Подготовка на приредба по повод приемот на учениците во прво одделение<br>3. Средување на бината во училишната трпезарија<br>4, Тековни прашања | Во однос на првата точка сите наставници направија список со ученици за прво одделение по паралелки.Исто така се разгледуваа уредно приложените документи за уписот<br>За втората точка активот направи проба со учениците од петто одделение за престојната приредба ,Се подготви и соодветен текст со кој ке се поздрават новите ученици Се организира и ученик-водител на програмата и се вметна обракање на Директорот на училиштето Се организираа и напишаа беџови за секој ученик посебно<br>Следеше средување украсување на бината во училината трпезарија со материјали соодветни цртежи слики и уредување текст<br>Во делот на тековните прашања се договоривме за распределба на брошури за родителите навремено доаѓање и земање на учениците и училишните чанти да се носат секојдневно дома |
| **СЕПТЕМВРИ** <u>**дневен ред**</u><br><br>1. Подготовка и организација за реализација на активности по повод Детската недела | Време: 2.09.2019 година, време 12.15ч.,место: кабинет на I одделение.<br><br>Договор за посета на институција<br><br>Планирана и реализирана екскурзија во |

| | |
|---|---|
| 2.План и реализација на еднодневен излет<br><br>3.Усогласување критериуми за оценување | училишен двор<br><br>Дискусија –усогласување критериуми за оценување |
| **СЕПТЕМВРИ** <u>**дневен ред**</u><br><br>1.Разгледување на дописот од Бирото за развој на образованието за имплементација на проект т.н. ТАНДЕМ –НАСТАВНИЦИ по Физичко и здравствено образование<br><br>2.Организација на обука за тандем-наставници по Физичко и здравствено образование во салата при Факултетот за физиучка култура | Време: 16.09.2019 година, време 12.15ч.,место: кабинет на I одделение.<br><br>На овој состанок, членовите на стручниот актив на I одд го разгледаа дописот од БРО за воедување тандем наставници по предметот ФЗО оценувањето. Во однос на посетата на обуката, зедоа учество и разменија искуства со други наставници |
| **ОКТОМВРИ** <u>**дневен ред**</u><br><br>1. .Усогласување критериуми<br><br>2.размена на искуства<br><br>3.Изработка на наставни ливчиња<br><br>4.Избор на материјал за училишен весник Светлина | Време: 04.10.2019 година, време 12.15ч.,место: кабинет на I одделение.<br><br>Дискусија околу КРИТЕРИУМИТЕ за оценување во прво одделение<br><br>Избор на наставни ливчиња по одделни предмети и изработка на истите<br><br>Подготовка на соодветен материјал за училишен весник |
| **ОКТОМВРИ дневен ред**<br><br>1.Информација за учество во Конкурс во организација на **Народната банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Агенцијата за супервизија на осигурување објавуваат**<br><br>**КОНКУРС**<br>**за ученици од основното и средното образование по повод**<br>**Светскиот ден на штедењето – 31 октомври**<br>**и Денот на осигурувањето – 1 ноември** | На состанокот членовите на активот на прво одделение ја разгледаа информацијата за конкурсот објавен подолу и се договорија за учество на ученици исклучиво со цртеж со оглед на возраста и истите ги информираа преку родителите.<br><br>Време 14,10,2019,време 12,15 место кабинет іодд<br><br>Во однос на првата точка присутните се договорија за престојните настани организацијата на истите и усогласувањето на термините за реализација.Имено на ден 10.10.2019г.во училишната трпезарија |

| | |
|---|---|
| **ОКТОМВРИ** **<u>дневен ред</u>**<br><br>1Организација за Детска недела –Ден на приемот во Детската организација<br><br>2.Посета на институција по повод Приенот во детската организација<br><br>3.Подготовка на материјали за учениците- ученичка легитимација и Ветување | сеорганицира пригодна приредба со учениците од погорните одделенија од 12 ч.<br><br>Членовите на активот на прво одделение се договорија по свечаноста да ја посетат Зоолошката градина во Битола и да ги разгледаат животните во неа .За таа цел се организира превози вракање во попладневните часови<br><br>Во делот на подготовката на материјали одделенските наставници ги пополнија ученичките легитимации и се договорија на свечаноста да се доделат.Во однос на другите материјали секој наставник реши индивидуално да си подготви |
| **ОКТОМВРИ** **<u>дневен ред</u>**<br><br>Договор за проба на униформиза учениците и начин на плакање на истите<br><br>2.Информација за осигурување на учениците и начин на плакање<br><br>3.Информација за ученици кои имаат потреба за посета на логопед-систематски преглед | 15,102019 12,15 кабинет іодд<br><br>Проба на униформи и информација за начин на плакање<br><br>Упат и термини за посета на логопед |
| **НОЕМВРИ** **<u>дневен ред</u>**<br><br>Размена на искуства при реализација на Планот и програмата<br><br>2.Изработка на наставни ливчиња<br><br>3.Ревидирање на материјал за училишен весник Светлина<br><br>4.Избор на активност за реализација на Проект **Најголемиот час на светот- МОН** | Време 4,11,2020 час 12,15 место кабинет I одд<br><br>Во однос на првата точка се дискутираше за начинот и реализацијата на одделни наставни содржини и како полесно да ги совладаат учениците<br><br>Во делот на наставни листови се направи избор и размена на повеке варијанти во делот од математика и истите се изготвија за потребите во престојниот период<br><br>Во однос на третата точка членовите го проширија текстот наменет за училишниот весник и селектираа неколку слики и истите ги пратија до Тимот за уредување на весникот<br><br>Во однос на четвртата точка членовите се договорија да учествуваат со цртеж заради возраста на децата и се дадоа напатствија како |

| | |
|---|---|
| | на кој начин да им се долови темата за работа ,времетраење на активноста и избор селекција на неколку цртежи за аплицирање на дадениот линк. |
| **НОЕМВРИ**<br><br>1.Изготвување на нивоа за оценување на учениците во прво тримесечие<br><br>2.Подготовка на евидентни листови<br><br>3.Договор за родителски средби<br><br>4.Известување за онлајн обука- курс на тема Инклузивно образование | Време: 7.11.2019година и 21.11.2016, време: 12.15 , место:кабинет Iодд<br><br>Презентација на нивоа за оценување<br><br>Се подготвија евидентни листови за успех и поведение<br><br>Членовите одржаа родителски состаноци<br><br>Посета на онлајн обука од страна на наставникот Венета Јоновска |
| **НОЕМВРИ**<br><br>1. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тромесечие<br>2. Изготвување на евидентните листови за првото тромесечие<br>3. Активности на стручниот актив по повод денот на училиштето<br>4. Тековни прашања | 11.11.2019 време 12,15 место –кабинет Iодд<br><br>Систематизацијаи оценување за прво тримесечие<br><br>Евидентни листови според цели на наставниот план и програма<br><br>По одлуката за присуство на Свечена академија организирана во Дом на култура –Битола членовите се договорија дека ке присуствуваат на презентирањето на Монографијата апотоа и на коктелот кој го организираше Тим од наставници при училиштето<br><br>Во тековни прашања, со цел да се подобри дисциплината на учениците се дискутираше за презентација на правила кои важат во училиштето и почитување на истите, |
| **ДЕКЕМВРИ** <u>ДНЕВЕН РЕД</u> | 25,12,2019 време 12ч место кабинет Iодд |

| | |
|---|---|
| 1. Пред Новогодишни активности- Нов0годишен базар<br>2. Подготовка и реализација на Новогодишна приредба –I-5<br>3. Следење на Новогодишна театарска претстава наменета за ученици од прво одделение<br>4. Анализа на успехот и поведението на учениците и подготовка на евидентни листови за крајот на првото полугодие<br>5. Изработка на полугодишен извештај за работата на стручниот актив и предлог теми за обука<br>6. Разговор за користењето на е-дневникот и средување на часовите<br>7. Тековни прашања | Стручниот актив на прво одделение учествуваше во предновогодишни активност –организација и учество во Новогодишен базар каде дел од родителите се вклучија во Проект Заедничка грижа за учениците и изготвија разновидни украси,храна,пијалоци и сл<br><br>Одделенскиот наставник од паралелка I-5 Венета Јоновска во соработка со наставникот по англиски јазик Марија Крстевска организира и приреди новогодишна приредба на која учениците се претставија со песни ,игри ,рецитали<br><br>Учениците од првите одделенија проследија Новогодишна театарска претстава Театар Дел Арте<br><br>во просториите на училишната трпезарија<br><br>Се направи анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие – на кои ученици треба да им се посвети повеќе внимание во однос на работата како и во однос на дисциплината.<br><br>Се постигна договор за подготовка на евидентните листови, според целите во програмата предвидени за првото полугодие, се размена мислење во однос на исказите кои ќе се пишуваат во нив, како и за нивоата.<br><br>Продолжува работата во е- дневникот со внесување на часови според Наставниот план и програма за прво одделение |

| | |
|---|---|
| **ЈАНУАРИ**<br>ДНЕВЕН РЕД<br><br>1Подготовка со ресурси за реализација на наставен план и програма за второ полугодие<br><br>2Доделување на евидентни листови за успех и поведение на учениците вотекот на прво полугодие<br><br>3Разговор за користењето на е-дневникот и средување на часовите<br><br>4Тековни прашања | Според првата точка членовите се подготвија за старт на второполугодие и се усогласија ставовите околу реализацијата на наставните содржини по одделни предмети<br><br>Родителите беа повикани и известени за успехот и поведението на учениците во текот на прво полугодие  им се доделија евидентни листови кои беа уредно потпишани<br><br>Според третата точка часовите беа евидентирани во книжниот и електронскиот дневник и средени по работни денови и часови по одделни предмети |
| **ФЕВРУАРИ** дневен ред<br><br>1Разгледување можности за реализација на отворени наставни часови по препорака на Директорот на училиште<br><br>2Идеи и организација на активности со учениците за учество во настан Имам талент во организација на училиштето за 1Април<br><br>3Подготовка и критериуми за избор според Комисија<br><br>4Разгледување на понуда за посета на театарска претстава или кин проекција<br><br>5Избор на ученици и учество на истите во математички натпревар Кенгур<br><br>6Распоредување ученици по паралки за посета на логопедски надзор во текот на месецот и извештај | Претседателот на стручен актив присуствувашена состанок и ги извести членовите дека Директорот на училиштето апелира наставниот кадар да организира т.н отворени часовиво текот на месец 03и04<br><br>Во однос 2и3  членовитепредложија неколку идеи истите се разгледуваа и дискутираа така што се договоријаза учество во настан Имам талент и пријавија точки  до Комисијат според нивните критериуми За таа цел тие се претставија пред комисијата која понатаму прави селекција за учество.<br><br>Активот на прво одделение се договори да се посети 3д кино проекција 5.03.2020год.<br><br>Се поведе дискусија дали учениците и покрај тоа што не умеат да читаат е разумно да учествуваат во математички натпревар Кенгур Наставниците се произнесоадека не би било потребно , но по барање на одредени родители неколку ученици се пријавија за учество и истите сеевидентирани кај активот по математика<br><br>се побара распоред за присуство на ученици |

| | |
|---|---|
| 7Пополнување листи за евалвација<br><br>**МАРТ** <u>дневен ред</u><br><br>1Одлука за прекин на наставата заради пандемија од корона вирус (10,03)<br><br>2Организација на социјална група од членовите на активот на прво одделение за следење инструкции за работа во услови од дома(11.03)<br><br>3Известување и изработка на списоци од родители кои имаат потреба од подигање потврди за ослободување од работа(17.03)<br><br>4Изработка и снимање часови за потребите на образовниот процес и објавување на страната на Општина Битола(18.03)<br><br>5Следење препораки за користење на ресурси Домашна училница МТВ, Е-училница(23.03)<br><br>6Договор за начин на кој ќе работат со учениците –која електронска алатка ќе се користи-конференциска платформа ,е-пошта (24.03)<br><br>7Донесување на образовна платформа за далечинско учење од страна на МОН(25.03)<br><br>8Организација на настава,вежби,тестови и оценување | кои е под логопедски надзор<br><br>Наставниците и родители пополнија листи и истите се доставија во службата<br><br>Според првата точка донесена е одлука за прекин на наставата во времетраење од 2 седмици<br><br>Членовите веднаш формираа група во која ке соработуваат од дома<br><br>Одделенските раководители известија родители и изработија списоци за подигање потврди за ослободување од работа и истите ги подигнаа од училиштето<br><br>Дел од наставниците следејки ги препораките изготвија снимаа часови и ги објавија на страната на Општината<br><br>Разгледување и следење проучување ресурси за далечинско учење и известување во групите за работа со ученици од дома<br><br>ZOOM платформа прифатена од сите членови на активот на 1 одд инсталација на истата<br><br>Реализација по претходно изготвен распоред во договор со родителите<br><br>Реализација на настава изговување на |

| | |
|---|---|
| | контролни задачи оценување – формирање на Е- Портфолио за секој ученик |

| | |
|---|---|
| **АПРИЛ 1СЕДМИЦА**<br>Дневен ред<br>1.Формирање на група од 5 одд.раководители во прво одделение<br>2.Следење препораки и инсталација на апликација ZOOM за изведување он лајн настава<br>3.Договор за соработка и усогласување на наставните единици<br>4 .Приклучување според претходно изготвен распоред<br>5.Проследување и анализа на препораките од Мон во однос на оценувањето<br>6.Изготвување инструкции за електронско пополнување на е- дневник<br>7.Подготовка на извештај за одделенски совет за трето тримесечие<br>8.Изготвување на неделен извештај за реализација на наставата во вондредни услови | Формирање група за понатамошна комуникација и соработка во вондредни услови Во неа членуваат одделенските раководители на прво одделение и наставничката по англиски јазик .<br>Стручниот актив следејки ги препораките на МОН се одлучи и наставата да ја продолжи користејки ги постоечките групи за комуникација со родителите и таму првично известуваа даваа насоки за работа и сл Потоа веднаш го споделија видеото и инсталираа програма ZOOM за изведување он лајн настава<br>Секој наставник во предвидено време со договор на родителите успешно ги приклучија сите ученици и без никакви проблеми се прифати истата.Се реализираа часови од наставниот план и програма.Низа активности имаа учениците и истите успешно ги извршуваа во предвиденото време. |

| | |
|---|---|
| **АПРИЛ 2 седмица**<br>Дневен ред<br>1Следење на насоките од МОН<br><br>2.Распоред за текот на ZOOM приклучување за изведување он лајн настава<br><br>3.Одржување на одделенски совет<br><br>4 .Присуство според претходно изготвен распоред за одд совет<br><br>5.Проследување и анализа на препораките од Мон во однос на оценувањето<br><br>6.Снимање на нагледни часови за потребите на Педагошки факултет-Битола<br><br>7.Подготовка на записи за постигањата на учениците во текот на трето тримесечие<br><br>8.Изготвување на неделен извештај за реализација на наставата во вондредни услови | Насоките од МОН перманентно се следеа добивавме мејлови и истите се спроведуваа на ниво на совет на прво одделение.<br><br>Стручниот актив следејќи ги препораките на МОН се одлучи и наставата да ја продолжи користејќи ги постоечките групи за комуникација со родителите и таму ја изведуваа наставата согласно неделниот наставниот план и програмаи распоредот на Zoom вклучување.Низа активности имаа учениците и истите успешно ги извршуваа во предвиденото време.<br><br>Одделенските наставници го одржаа одделенскиот совет на кој се излагаа поединечно по паралелки за постигањата на успехот.на учениците<br><br>Се приклучија во предвиденото време сите наставници.<br><br>Во однос на оценувањето наставниците се потврдија да се симне е-евидентен лист истиот да се пополни и да се прати кај секој родител поединечно во приватна порака.<br><br>Претседателот на стручен актив неделно изготви извештај од работата на активот по паралелки и уредно го достави во ППс на училиштето |

| АПРИЛ 3 седмица<br>Дневен ред<br>1.Следење на насоките од МОН – одржување на Наставнички совет -онлајн<br><br>2.Распоред за текот и реализацијата на ZOOM приклучување за изведување он лајн настава<br><br>3.Пополнување евидентни листови за успех и поведение во текот на трето тримесечи за учебна 2019/2020<br><br>4 .Електронско известување на родителите за постигањата на учениците<br><br>5.Изготвување на неделен извештај за реализација на наставата во вондредни услови | Насоките од МОН перманентно се следеа добивавме мејлови и истите се спроведуваа на ниво на совет на прво одделение.На 13.4 се одржа Наставнички совет според однапред утврден Дневен ред<br><br>Стручниот актив следејки ги препораките на МОН се одлучи и наставата да ја продолжи користејки ги постоечките групи за комуникација со родителите и таму ја изведуваа наставата согласно неделниот наставниот план и програмаи распоредот на Zoom вклучување.Низа активности имаа учениците и истите успешно ги извршуваа во предвиденото време.<br><br>Изготвување електронски евидентен лист со постигањата и известување поединечно на секој родител во приватана порака.<br><br>Тековно реализирање на извештај од работата на активот за 3-та седмица април<br><br>Секој наставник прати кај Претседателот на активот активности што ги реализира во трета седмица на месец април.Пополнет е формулар извештај и пратен на понудените мејлови на училиштето. |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **АПРИЛ 4 седмица**<br>Дневен ред<br><br>1Следење на препораките од МОН<br><br>2.Реализација на наставната програма на платформата ZOOM<br><br>3.Дискусија околу домашните задачи на учениците<br><br>4.Изготвување на неделен извештај за реализација на наставата во вондредни услови | Препорките од МОН перманентно се следеа добивавме мејлови и истите се спроведуваа на ниво на совет на прво одделение.<br><br>Во однос на втората точка активот разговараше околу реализацијата на наставните содржини и констатира дека се одлично прифатени од страна на учениците и успешно се спроведуваат и има вклученост околу 95% од учениците<br><br>Домашните задачи редовно се даваат и истите се изработуваат според однапред дадени инструкции.Одд.раководител на I-5 истакна дека во договор со родителите добива повратна информација од изработките еднаш месечно уредно селектирани по датум и предмети во Power point презентација<br><br>Тековно реализирање на извештај од работата на активот за 4-та седмица април<br><br>Секој наставник прати кај Претседателот на активот активности што ги реализира во четврта седмица на месец април.Пополнет е формулар извештај и пратен на понудените мејлови на училиштето. |

| | |
|---|---|
| **АПРИЛ 5седмица**<br>Дневен ред<br>1.Следење на препораките од МОН<br>2.Соработка со Дневен престој – предлог активности за реализација<br>3.Известување за постигања од работата на учениците во домашни услови<br>4.Изготвување на неделен извештај за реализација на наставата во вондредни услови | Препорките од МОН перманентно се следеа добивавме мејлови и истите се спроведуваа на ниво на совет на прво одделение.<br>Известување за предлог изработка на задачи за Дневен престој на училиштето<br>Разгледување ,проверка и оценување од работните задачи на учениците<br>Тековно реализирање на извештај од работата на активот за 5-та седмица април<br>Секој наставник прати кај Претседателот на активот активности што ги реализира во петта седмица на месец април.Пополнет е формулар извештај и пратен на понудените мејлови на училиштето. |
| **МАЈ 1 седмица**<br>Дневен ред<br>1.Реализација на наставен час по МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК по повод 5МАЈ-Денот на македонскиот јазики македонската азбука<br>2.Известување од одржан состанок со Претседателите на одделенски совети од 1-5 одд<br>3.Изготвување на неделен извештај за реализација на наставата во вондредни услови | Стру;ниот актив на првите одд одржа состанок на кој се разгледуваа предлог активности за реализација на наставен час по македонски јазик со учениците од првите одделенија на платформата ZOOM Се одреди наставна содржина по повод 5 Мај –Денот на македонскиот јазик и азбука Азбука – препознацање букви и истата ја реализира секој наставник Претседателот на одделенскиот совет Билјана Костовска присуствуваше на состанок и се произнесе според насоките и заклучоците од истиотСекој наставник прати кај Претседателот на активот активности што ги реализира во период од 4.5-8.5.2020 прва седмица на месец МАЈ.Пополнет е формулар извештај и пратен на понудените мејлови на училиштето. |

| | |
|---|---|
| **МАЈ 2седмица**<br>Дневен ред<br>1.Реализација на наставата по однапред утврден распоред<br>2.Одржување родителски состнок<br>3.Изготвување на неделен извештај за реализација на наставата во вондредни услови | Во однос на првата точка наставата се реализираше по утврдениот рспоред во договор со родителите<br>Членовите на стручниот актив на првите одделенија одржаа родителски состаноци на кој се разговараше за постигањата на учениците во услови на далечинско учење и договор-термини за понатамошно следење<br>Претседаселот на активот достави изввештај за работата во период од 11.05 до 15.о5.2020г |
| **МАЈ 3седмица**<br>Дневен ред<br>1.Реализација на наставата по однапред утврден распоред<br>2. Проверка и евиденцијата на податоците на учениците од прво одделение<br>3.Изготвување на неделен извештај за реализација на наставата во вондредни услови<br>Реализацијата на наставата се одвива непречено и активно учествуваат учениците од првите одделенија | Реализацијата на наставата се одвива непречено и активно учествуваат учениците од првите одделенија<br>Одделенските раководители на првите одделенија одржаа работен состанок во просториите на училиштето и извршија проверка на дневниците и главните книги со податоците на учениците кои понатаму ке послужат во подготовката на свидетелствата за постигањата на учениците во текот на учебната 2019/2020г.<br>Претседателот на стручниот актив на прво одделение изготви извештај за реализација на наставата во период од 18.05 до 22.05.2020г |

| ЈУНИ 1и2 седмица<br>ДНЕВЕН РЕД | |
|---|---|
| 1.Реализација на наставата по однапред утврден распоред | Реализацијата на наставата се одвива непречено и активно учествуваат учениците од првите одделенија |
| 2. Водење педагошка евиденција и документација | Пополнување на дневникот со наставни часови подготовка на записи со успехот на учениците на крајот од учебната 2019/2020г |
| 3.Уплатници за детско списание Росица | Проверка на список со уплатите за списанието Росица . |
| 4.Изготвување распоред за враќање на учебниците за 1одделение | Одделенските раководители се состанаа и утврдија дека на 8.6.2020г. ќе се врши враќање на учебниците по однапред утврден распоред во групи во просториите на училиштето |
| 5.Изготвување на неделен извештај за реализација на наставата во вондредни услови | Претседателот на стручниот актив на прво одделение изготви извештај за реализација на наставата во период од 1.06 до 10.06.2020г |
| 6.Избор на Претседател на стручен актив за наредната учебна година | Стручниот актив на првите одделенија на состанокот за наредната учебна 2020/2021 година ја избра **Љубица Ширанович** за претседател на стручен актив |
| **Изготвил Претседател на стручен актив за учебна 2019/2020г.**<br><br>***<u>ВЕНЕТА ЈОНОВСКА</u>*** | **ДИРЕКТОР**<br><br>***<u>ГОРДАНА АНАСТАСОВА</u>*** |

## Стручен актив на второ одделение

| Планирани активности по месеци | Реализирани активности по месеци |
|---|---|
| **АВГУСТ** | |
| ➢ Потврдување на претседател на Активот | ➢ Пред почеток на учебната година членовите на стручниот актив го потврдија изборот на претседател-Сузана Дишковска. |
| ➢ Изработка на програми за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година | ➢ Програмата за работа на стручниот актив беше концептирана од страна на преседателот . |
| ➢ Разгледување на предлог Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето | ➢ Наставниците ја разгледаа годишната програма на училиштето и заклучија дека немаат забелешки. |
| ➢ Евидентирање на постоечките наставни средства, помагала и литература и евентуална набавка на нови | ➢ Наставниците се договорија кои наставни средства и помагала им се потребни за претстојната учебна година. |
| ➢ Консултации околу подготвувањето на годишните, тематските, дневните планирања како и преостанатата педагошка евиденција.. | ➢ Се направи договор за редоследот на темите за обработка и на тој начин се подредија и дневните планирања. Бидејќи сме во секојдневна комуникација координацијата на овие планирања ни е олеснета. |
| ➢ Изработка на програма за Професионален развој на наставниците. | ➢ Наставниците разговараа околу можностите на секој индивидуално, слабите страни во однос на секое подрачје,па оттука водено секој наставник си направи план за личен професионален развој според неговите потреби. |
| ➢ Вметнување избрани точки на акција од програмите за<br>• “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”<br>• “ Меѓуетничка интеграција “ | ➢ Секој наставник си избра точка на акција од програмата “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем” и<br>“ Меѓуетничка интеграција “ и ги вметнаа во своите годишни и тематски планирања. |

| | |
|---|---|
| ➢ Договор за организација на отворени часови на наставниците на стручниот актив на второ одделение. | ➢ Сите наставници од стручниот актив на второ одделение дадоа планирања за отворени часови или стручни предавања на одредена тема во учебната 2019/20 година кои секако влегоа во Програмата на стручниот актив на второ одделение.<br><br>Состаноците се одржуваа во кабинетот на наставниците од второ одделение, пред или после часовите.<br><br>**Дополнителни активности**:<br>➢ На ниво на стручен актив ја разгледавме програмата за антикорупциска едукација на учениците.<br><br>Во однос на тоа изготвивме годишно планирање, за реализација на соодветни активности по различни предмети преку различни наставни содржини. |
| **<u>СЕПТЕМВРИ</u>**<br><br>➢ Консултации за ученици кои имаат проблеми со учењето и однесувањето<br><br>➢ Усогласување на критериуми за оценување кои што ги користат наставниците за оценување на учениците (инструменти)<br><br>➢ Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите | ➢ Одделенските наставници дискутираа за стратегии и начини за подобрување на однесувањето и учењето на одделни ученици по паралелки.<br><br>➢ Стручниот актив изработи критериуми и чек листи за оценување на учениците по предмети. Одделно беа изработени и инструменти по предметите математика и природни науки како дел од програмата Кембриџ.<br><br>➢ Овој период не беа реализирани обуки и семинари. |

| **ОКТОМВРИ** | |
|---|---|
| ➢ Изработка и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување | ➢ Стручниот актив на второ одделение сподели искуства за начинот на работа односно кои форми , методи и примена на ИКТ се застапени и ќе се користат во иднина при реализацијата на наставните соджини. Врз основа на тоа беше изготвено и второто тематско планирање. Ваквото разменување на идеи се одвива по потреба. Исто така изготвивме и описни оценки во три нивоа за сите ученици според дадените цели и критериуми. |
| ➢ Изготвување на тематско планирање | |
| ➢ Договор за заедничка активност на стручниот актив по повод „Денот на училиштето“. | ➢ Оваа година се прославуваше 30 годишен јубилеј од отворањето на нашето училиште и истиот се прослави преку Свечена академија.<br>**Дополнителни активности:**<br>➢ Одделенските наставници се состанаа и се договорија кои настани и активности од изминатата учебна година од нашиот стручен актив да бидат вклучени во училишниот весник „Светлини“, што излегува по повод Денот на училиштето. Тие ги издвоија позначајните настани од изминатата учебна година и се договорија кои од нив да бидат вклучени во училишниот весник |
| ➢ Реализација на предавање: Тема:Слободното време на децата<br>Одделенски наставник:Јасна Јанева Гулевски | ➢ Предавањето **: „Слободното време на децата“** од страна на одделенскиот наставник Јасна Јанева Гулевски беше одложено за месец декември од оправдани причини.<br>➢ Учениците од второ одделение беа посетени од сообраќаен полицаец. Во секоја паралелка сообраќајниот полицаец одржа кратко предавање за значајните работи од областа на |

| | |
|---|---|
| | сообраќајот што треба да ги знаат децата од областа на сообраќајот што треба да ги знаат децата од оваа возраст. Учениците беа многу задоволни од посетата, а секако и за добиените подарочиња-Сообраќајна лектира и распоред на часови со сообраќајни мотиви.<br><br>➢ Од страна на БРО беше организирана online обука на тема „Инклузивност во образованието“, која наставниците требаше да ја проследат до 20.01.2020 год. |
| **НОЕМВРИ**<br><br>➢ Усовршување на избраната активност за Денот на училиштето | ➢ Оваа планирана активност не беше реализирана, бидејќи Денот на училиштето се одбележа преку Свечена академија и специјална програма.<br><br>**Дополнителни активности:**<br><br>➢ На ден 13.11.2019 од страна на нашиот стручен актив беше реализирана посета на ЈП„Пазари“. Тоа беше интересно искуство за нашите ученици, кои го посетија пазарот во централното градско подрачје и се запознаа со сите производи и намирници, што се продаваат таму. |
| **ДЕКЕМВРИ**<br><br>➢ Учество во програмата по повод Денот на училиштето<br><br>➢ Дискусија околу оценувањето на учениците<br><br>➢ Изготвување на тематско планирање | ➢ Оваа точка не се реализира, бидејќи училиштето имаше специјална програма за Денот на училиштето по повод 30 годишниот јубилеј.<br><br>➢ Анализата на успехот , покажа дека тој задоволува , но секако би можел да биде и подобар.<br><br>➢ Стручниот актив на второ одделение сподели искуства за начинот на работа односно кои форми , методи |

| | |
|---|---|
| ➢ Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување<br><br>➢ Предновогодишни активности | и примена на ИКТ се застапени и ќе се користат во иднина при реализацијата на наставните соджини. Врз основа на тоа беше изготвено и третото тематско планирање. Ваквото разменување на идеи се одвива по потреба.<br><br>➢ Се изготвија описни оценки за три нивоа, според критериумите и целите кои ги поставивме.<br><br>➢ Стручниот актив на II одд. успешно се претстави на **новогодишниот панаѓур** кој се одржа на 23.12.2019г. во просториите на училиштето. Наставничките од II-1, II-2,II-3,II-4 и II-5 одд. во договор со родителите донесоа одлука секое дете индивидуално да донесе новогодишна изработка или колачи.<br><br>**Дополнителни активности:**<br><br>На ден 24.12.2019 одделенскиот наставник Јасна Јанева Гулевски го реализираше предавањето на тема **„Слободното време на учениците“**, коешто беше планирано за месец октомври.<br>При ова предавање наставникот Јасна Јанева Гулевски потенцира на важноста за правилно користење на слободното време, се изврши и споредба на поминувањето на слободното време порано и денес.<br>Потоа следеше дискусија за истото. |

| | |
|---|---|
| **ЈАНУАРИ**<br>➢ Размена на мислења од реализацијата на наставата во прво полугодие-предности и недостатоци<br><br>➢ Изработување на полугодишен извештај за работа на стручниот актив<br><br>➢ Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите<br><br>**ФЕВРУАРИ**<br>➢ Подготовка на материјали за претстојниот математички натпревар „Кенгур“ | ➢ Одделенските наставници дискутираа за реализацијата на наставата и успехот во прво полугодие, за предностите, а и како да се унапредат недостатоците.<br><br>➢ Претседателот на стручен актив на второ одделение изработи полугодишен извештај за работата на истиот<br><br>➢ Оваа точка не се реализира, бидејќи во овој период не беа организирани семинари и обуки<br><br>➢ Членовите на стручниот актив се договорија подготовките за натпреварот да се одвиваат на часовите на додатна настава . Исто така се договорија за пријавените ученици да се обезбедат задачи од минатите натпревари. |
| ➢ Изготвување на тематско планирање<br><br>➢ Реализација на предавање:<br>Тема: Инклузијата- предизвик за теоријата и праксата; Наставник: Сузана Дишковска | ➢ Стручниот актив на второ одделение сподели искуства за начинот на работа односно кои форми , методи и примена на ИКТ се застапени и ќе се користат во иднина при реализацијата на наставните содржини. Врз основа на тоа беше изготвено и четвртото тематско планирање. Ваквото разменување на идеи се одвива по потреба.<br><br>➢ Предавањето: Инклузијата- предизвик за теоријата и праксата; од страна на одделенскиот наставник Сузана Дишковска се одложи за месец март, од оправдани причини<br><br>**Дополнителни активности:**<br><br>На ден 19.02.2020 стручниот актив на второ одделение заедно со училишниот педагог одржа состанок на кој беше презентиран збирниот извештај за брзината на читање на учениците од второ одделение за прво полугодие. Како генерален заклучок беше извлечено тоа дека |

| | |
|---|---|
| | учениците читаат во просекот и над просекот за овој период. Но и дека со оглед на брзината сепак треба да се продолжи со читање, за да читањето се доведе до степен на течно читање. |
| **МАРТ**<br><br>➢ Планирање на активности по Денот на шегата<br><br>➢ Реализација на отворен час: Празници во семејството- МИО Наставник: Вера Лајмановска(II-1) | ➢ Овие активности не беа реализирани поради прекинувањето со работа на училиштата поради новонастанатата ситуација со корона вирусот<br><br>➢ Овој отворен час не беше реализиран поради прекинувањето на училиштата со работа поради новонастанатата ситуација со корона вирусот<br><br>➢ Предавањето: Инклузијата- предизвик за теоријата и праксата; од страна на одделенскиот наставник Сузана Дишковска не беше реализирано поради настанатата ситуација со корона вирусот.<br><br>**Дополнителни активности:**<br><br>➢ Согласно Уредбите со законска сила за примена на Законот за основното образование и Законот за средното образование за време на вонредна состојба, наставата во основните и средните училишта се организираше преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација.<br>➢ Наставата во нашето училиште се одвиваше преку online директна настава преку конференциската врска ZOOM и преку веќе постоечките групи за комуникација со родителите.<br>➢ За таа цел претседателите на стручните активи започнувајќи од 30.03.2020 редовно испраќаа седмични извештаи до училиштето, за реализираните содржини по паралелки од својот стручен актив. |

| **АПРИЛ** | |
|---|---|
| ➢ Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување | ➢ Стручниот актив на второ одделение на **online состанок** изготви описни оценки во три нивоа за сите ученици според дадените цели и критериуми. |
| ➢ Велигденски работилници | ➢ Овие работилници беа реализирани на следниот начин: Наставниците од Дневниот престој подготвија видео за изработка на велигденски украси. Видеото беше пуштено до наставниците, кои пак го проследија во групите за комуникација со родителите. Учениците изработија велигденски украси, кои беа повратно сликани и пуштени до наставниците и објавени на фејсбук страната на Дневниот престој. |
| ➢ Реализација на отворен час - Снежана Стојанова-еколошка интеграција/ VIII. ТЕМА: ЗДРАВЈЕ/Е.С-6.- Влијанието на храната врз здравјето/ Тема IV – 1.1 Здрава храна 1- ОЖВ | ➢ Овој отворен час не беше реализиран поради актуелната ситуација со корона вирусот |
| **МАЈ** ➢ Дискусија околу инструментите за оценување на учениците | ➢ Стручниот актив на второ одделение на **online состанок** изготви описни оценки во нивоа според потребите на секоја паралелка поединечно за сите ученици според дадените цели и критериуми. Исто така беше изготвено текстуално прилагодување на описните оценки кое ќе биде вметнато во свидетелствата. |
| ➢ Договор за изготвување на свидетелства | ➢ Наставниците од стручниот актив на второ одделение се договорија свидетелствата да бидат изготвени според дадените насоки од МОН и БРО |
| ➢ Реализација на отворен час - Наставна содржина: Видови сообраќајни средства. Предмет: Општество Наставник: Светлана Јовановска(II-3) | ➢ Овој отворен час не беше реализиран поради актуелната ситуација со корона вирусот |

| | |
|---|---|
| ➢ Посета на пожарникарска станица.<br><br>➢ Посета на полициска станица | ➢ Посетата на овие две институции не беа реализирани поради актуелната ситуација<br><br>**Дополнителни активности:**<br><br>Денот на македонскиот јазик и македонската азбука, на 05.05.2020 беше одбележан во нашето училиште преку online активности. Сите ученици, според насоки од нивните наставници ,преку најразлични активности се вклучија во одбележување на истиот.<br><br>Беа реализирани работилници за здрава храна и МИО проектот-Убаво е да се биде различен. Наставниците од Дневниот престој подготвија едукативни видеа на оваа тема, кои им беа проследени во групите за комуникација со родителите. Изработките на учениците беа сликани и повратно пуштени до наставниците и беа објавени на фејсбук страната на Дневниот престој. |
| **<u>ЈУНИ</u>**<br><br>➢ Евалуација на работата на стручниот актив<br><br>➢ Изработување на годишен извештај за работа на стручниот актив<br><br>➢ Избор на претседател на стручен актив за следната учебна година<br><br>➢ Предлози за измена и дополнување на програмата на стручниот актив за следната учебна година<br><br>➢ Избор на учебници | ➢ Стручниот актив на второ одделение изработи годишен извештај за работата на стручниот актив во кој се вклучени сите реализирани и нерализирани ативности.<br>➢ За нов претседател за наредната учебна година 2020/2021 беше избрана одделенскиот наставник Јасна Јанева Гулевски.<br>➢ Измени и дополнувања на програмата на Стручниот актив ќе се изврши во август, 2020 година.<br><br>**Избрани учебници за III (трето одделение):**<br>➢ Македонски јазик: Весна Настоска, Љубица Севдинска<br>➢ Природни науки – Tara Lievesley, Deborah Herridge<br>➢ Математика – Карен Морисон |

Изработи<br>
претседател на стручен актив на II одделение:<br>
Сузана Дишковска

## Стручен актив на трето одделение

| Планирани активности по месеци | Реализирани активности по месеци |
|---|---|
| **<u>август</u>**<br>1. Избор на претседател на стручен актив на второ одделение;<br><br>2. Изработка на програма за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година;<br><br>3. Договор за посета на отворени часови со примена на современи форми на работа.<br>4. Вметнување на избрани точки на акција од програмите за: „ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“.<br>5. Вметнување на изборни точки од проектот МИО<br>6. Изработка програма за професионален развој на ниво на стручен актив | Се што е планирано за овој месец е реализирано. Детални информации за секоја точка одделно има во записниците од состаноците кои се приложени во папката на стручниот актив на трето одделение.<br>Состаноците се одржуваа во кабинетот на наставниците од трето одделение, пред или после часовите. |
| **<u>септември</u>**<br>1. Разговор околу подготвувањето на годишните, тематските и дневните планирања, усогласување на критериумите за оценување на учениците и разговор за инструментите за оценување<br><br>2. Унапредување на системот за информирање на родителите, изработка на инструмент за евидентирање на индивидуални средби со родител | Се што е планирано за овој месец е реализирано. Детални информации за секоја точка одделно има во записниците од состаноците кои се приложени во папката на стручниот актив на трето одделение.<br>**Дополнителни активности:**<br>Посета на фабриката на Kronberg&Shubert, каде се реализира и креативна работилница со учениците и вработените. |
| **<u>октомври</u>**<br>1. Договор за подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за второто тримесечие.<br>2. Посета на музеј/ЗОО/спомен куќа други институции[3]<br>3. Организација на часови во природа/[4]<br>Реализација на викенд програма | Во планираните активности за месец октомври имаше измена. Евидентационите листи се подготвија од страна на наставниците од стручниот актив. Во овој месец е направена посета на изложбата во Магазата. Истата изложба беше со наслов “Учиме за нас” организирана од Сандра Дениско Арт во соработка со НУ Завод и |

[3] Посетите на институции е во согласност со програмата која се реализира по наставни предмети. Истата ќе се изврши по договор со наставниците и со институциите во текот на целата година иако се наведени само во месец Октормври. Поради тоа се дадени сите опции (различните институции) кои учениците треба да ги постетат.

| | |
|---|---|
| **4. Отворен час- Виолета Стевановска III-1 Обликување во просторот, моделирање и градење – Изработка на кутии за отпадот- Ликовно образование**<br>**5. III-5- Лилјана С. Алабаковска – Општество – Сличности и разлики- децата од моето одделение** | Музеј и детски хор Ѕвончиња, детски цртежи изработени во 2018 и 2019 г.<br>**Дополнителни активности:**<br>Реализација на настани во склоп на проектот Meet and Code 2019. Наместо отворен час наставничката ги одржа четирите настани, а на еден од нив имаше посета и на министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски, како и претставници од фондацијата Метаморфозис кои ги спонзорираа настаните, а во истите беа вклучени и надставничките од III-2, III-3, III-5 одделение заедно со своите ученици. |
| **<u>ноември</u>**<br>1. Активности на стручниот актив на второ одделение по повод Денот на училиштето<br>2. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од второто тримесечие | Стручниот актив на трето одделение изработи текст кој беше дел од монографијата.<br>Планираното разгледување на успехот и поведението на учениците беше на ниво на стручен актив и дискусијата околу начините на подобрување на дисциплината кај учениците.<br>**Дополнителни активности:**<br>- договор за пишување на статија за весник Светлини за претставување на стручниот актив<br>- посета на ЈП пазари и пазарот во централниот дел на градот |
| **<u>декември</u>**<br>1. Активности за Денот на училиштето<br>2. Активности за Новогодишен претприемачки настан<br>3. Анализа на успехот и поведението на крајот на второто полугодие<br>4. Договор за подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за второто полугодие.<br>5. Изработка на полугодишен извештај од работата на стручниот актив | Се што е планирано за овој месец е реализирано. Детални информации за секоја точка одделно има во записниците од состаноците кои се приложени во папката на стручниот актив на четврто одделение.<br>Стручниот актив на III одд. успешно се претстави на **новогодишниот панаѓур** кој се одржа на 21.12.2019г. во просториите на училиштето. Секоја паралелка се претстави со свои изработки.<br>Исто така наставничките од стручниот актив дискутираа за Успехот и поведението на учениците и за подготвување на евидентните листи. |

[4] Организацијата на часовите во пирода/реализација на викенд програма е во согласност со програмата која се реализира по наставни предмети. Истата ќе се изврши по договор со наставниците, родителите како и институцијата во која ќе се изведува. Поради тоа се дадени сите опции во месец октомври или месец мај.

| | |
|---|---|
| | Претседателот го подготви полугодишниот извештај |
| **<u>Јануари</u>**<br>1. Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите<br>2. Десиминација на посетени семинари, обуки | Планираните активности за овој месец се реализираа во целост. Се споделија искуствата за посетената online обука за Работа со деца со посебни потреби. |
| **<u>Февруари</u>**<br>1. Подготвување на учениците за меѓународниот натпревар КЕНГУР<br>**2. Отворен час- Даниела Петковска III-3**[5]<br>**Обликување во просторот, моделирање и градење – Изработка на еко - плакати- Ликовно образование** | Наставниците споделија искуства како и одредени задачи за подготовк на учениците за меѓународниот математички натпревар Кенгур.<br><br>**<u>Дополнителни активности</u>**<br>Едукативна работилница и посета на Зоолошката градина, Илузиумот и центарот на град Скопје |
| **<u>Март</u>**<br>1. Организирање работилници со родители по повод осми март<br>2. Договор за подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за третото тримесечие.<br>3. Дискусија за инструментите за оценување<br>**4. Отворен час- Лилјана С. Алабаковска III-5**<br>**Здрава храна – Модел на здрава храна - Ликовно образование**<br>**5. III-3 – Македонски јазик – Јазик- Составување на текст- техника лента на реченици** | Актвностите до 10ти март арт се реализираа и наставничките имаа работилници за 8ми март. Останатите активности исто така се реализираа на online средби на наставниците, со исклучок на отворените часови (види забелешка 3) |
| **<u>Април</u>**<br>1. Маскенбал<br>2. Велигденски работилници<br>3. Посета на музеј/ЗОО/спомен куќа/други институции[6]<br>**4. Отворен час- Весна Димитровска III-4**<br>**Важност од зачувување на природните живеалишта – Видови сообраќајни средства,компоненти на различни форми** | Од планираното се реализираа online маскенбал и велигденски работилници со учениците. |

[5] Отворените часови, по договор на наставниците, беа планирани да се заменат со заедничка активност на ниво на стручен актив во месец Март, но поради прекин на наставата во училиштата и спроведување на online настава, истата не се реализира.

[6] Посетите на институции е во согласност со програмата која се реализира по наставни предмети. Истата ќе се изврши по договор со наставниците и со институциите. Поради тоа се дадени сите опции (различните институции) кои учениците треба да ги постетат.

| | |
|---|---|
| **(фломастер)** | |
| **<u>Мај</u>**<br>1. Договор за изготвување на свидетелства<br>2. Организација на часови во природа/ Реализација на викенд програма<br>**3. Отворен час- Елица Митревска III-2 Рециклирање- Рециклирање**<br>**4. III-4 – Ликовно образование – Изработка на плакати со традиционални носии во Македонија** | Наставниците направија договор за изготвување на свидетелства.<br><br>**<u>Дополнителна активност</u>**<br>Наставниците организираа online активности со цел одбележување на 5ти мај Денот на македонскиот јазик |
| **<u>Јуни</u>**<br>1. Евалуација на работата на стручниот актив на второ одделение<br>2. Изработка на годишен извештај од работата на стручниот актив<br>3. Избор на претседател на стручниот актив за следната учебна година | Активости се организираа и реализираа во целост преку online средби на наставниците. |

Изработи
претседател на стручен актив на III одделение:
Виолета Стевановска

## Стручен актив на четврто одделение

| Цели на годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| 1.Изработка на програма на стручниот актив,инструменти потребни материјали за работа.<br>2.Евидентирање на постоечките на ставни средства помагала и набавка на нови евентуално.<br>3.Разгледување на предлог на годишната програма на училиштето и развојниот план на училиштето<br>4.Консултација околу подготвувањето на годишните ,тематските,дневните планирања и останатата педагошка евиденција.<br>5.Вметнување избрани точки на акција одпрограмите Интеграција на еколошката едукација и меѓуетничка интеграција.<br>6.Изработка на програма за професионален развој на | Реализирано | 19.08.2019 | Програмата на стручниот актив ја изработи претседателот , во соработка со останатите наставници.Беа подготвени и инструменти и материјали за понатамошна работа.<br>Годишната програма како и Развојниот план на училиштето за учебната 2019/20 година беа разгледани и немаше никаква забелешка во однос на нив од стана на членовите на стручниот актив.<br>Сите наставници заеднички во согласност со програмата изготвивме годишни планирања и тематско планирање во кои беа вметнати избраните точки на акција од програмите „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и „Меѓуетничка интеграција во образованието“.<br>Од сите членови на стручниот актив беа понудени личните планови за професионален развој според кои понатаму беше изработена Програмата за професионален развој на наставниците на четврто одделение.<br>Сите наставници од стручниот актив на четврто одделение дадоа планирања за отворени часови во учевната 2019/20 година кои секако влегоа во Програмата на | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| наставниците.<br>7.Договор за организација на отворени часови на наставниците на стручниот актив на четврто одделение.<br><br>1.Избор на содржини за подготовка на годишна програма за реализација на часови со содржини за воведување на учениците во поимите корупција и антикорупциј<br>1.Консултации за ученици кои имаат проблеми со учењето и однесувањето<br>2.Усогласување на критериуми за оценување кои што ги користат наставниците за оценување на учениците(инструменти).<br>3.Изработка на ИОП<br><br>1.Отворен час: Велика Дуковска и Елена Угарчева – наставен предмет-Физичко и здравствено образование.<br><br>2.Споделување на информации за подготовки на точка за учество на приредба | .Реализиран<br><br>Реализиран | 4.9.2019г<br><br>27.9.2019<br><br>4.10.2019г | стручниот актив на четврто одделение.<br><br>На ниво на стручен актив на четврто одделение беа избрани две работилници кои ќе се реализираат во текот на учебната 20129/20 год.Наставниците го избраа времето на реализација на активностите и наставните предмети каде би можеле да се реализираат истите.<br><br>По првата точка одделенските наставници дискутираа за стратегии и начини за подобрување на однесувањето и учењето на одделни ученици по паралелки.<br>Стручниот актив изработи критериуми и чек листи за оценување на учениците по предмети. Одделно беа изработени истите инструменити по предметите математика и природни науки како дел од програмата Кембриџ.<br>ИОП изработија одделенските наставници во паралелките IV-4 и IIV-5 за одредени ученици во тие паралелки.<br><br>Договорено е да се изведе посета на ЗОО гради во Битола каде учениците ќе можат во природна големина да се запознаат со голем број на животни . | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| организирана по повод прием на првачиња во Детска организација –<br><br>3Договор за посета на ЗОО градина – надополнување на на знаењата по природни науки тема Живеалишта<br><br>1.Изработка и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување;<br>2.Избор на активност со која активот ќе се претстави во училишниот весникСветлини кој се печати по повод Денот на училиштето.<br>3.Споделување размислувања по следење на онлајн обука на тема-Инклузивно образование<br>4- Споделување искуства со колегите од тимот што работи на проектот Еразмус +„Учење за надминување на елементи на насилство“ или во оригинал "Learning to Overcaoming Violence Elements"- L.O.V.E.— | Реализирано | 31.10.2019г | Одредена е музика точка за учество на приредба по повод зачленување на првооделенците во Детска организација.Бело лице љубам јас во изведба на ученици од IV-2 одд со придружба на изведувачи од ученици од сите класови.<br>Отворен час од наставничките Велика Дуковска и Елена Угарчева по физичко о здравствено образование со наставна содржина Игри без граници.<br>Стручниот актив на четврто одделение се состана со цел разгледување и прилагодување на исказите по наставни предмети со цел подготовка на тромесечните евидентни листови.Секој наставник си подготви според свое сознание за успехот и постигањата на учениците во своето одделение во овој период и истите беа разгледани на ниво на стручен актив.<br>На ниво на актив беше одлучено истиот да се представи со статија на наставничката Билјана Печипајковска за реализиран проект ῞Валкано или чисто-не е исто ῞ ,и реализиран отворен час по физичко и здравствено образовани –наставна содржина Игри без граница од наставничките Велика Дуковска и Елена Угарчева во весникот ῞Светлини ῞ .<br><br>По поминатата онлајн обука за Инклузивно образование се разговараше за добиените впечатоци од истата и колку е лесно или тешко истата да биде реализрана во наставата .<br>Колегите кои беа дел од студиска посета на Крит | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работилница во НУУБ,,Св.Климент Охридски``- Одбележување на празникот на градот 4 хоември илустрација на корица на книга . | Реализирано | 4.11.2019 | Република Грција а се дел од тимот кој работи на проектот Еразмус + Учење за надминување на елементи на насилство извршија дисеминација на активностите кои ги имаа таму и ги споделија сопствените искуства Запознавање со просториите на библиотеката и нејзината функција истовремено запознавање со фондот на книги со кои располага оваа институција,љубов кон пишаниот збор и почесто користење на библиотеката.Искажување на ликовните способности во креирање на корица на книга од сопствено творештво. | |
| Посета на печатница ,,Киро Дандаро `` | | 18.11.2019 | Теоретските знаења кои ги добиваат по предметот техничко образование да се надополнат со нови знаења за тоа како се користи хартијата и,картонот . | |
| Посета на ,,Тера ``- телевизија | | 23.11.2019 | Главниот уредник на телевизијата ги воведе учениците во објектот давајки им информации како се подготвуваат програмите кои се реализираат секојдневно на ТВ екраните, а ги видоа и студијата каде се подготвува нивна програма. | |
| **1.**Дискусија околу оценувањето на | | | Анализата на успехот , покажа дека тој задоволува но секако би можел да биде и подобар. Стручниот актив на четврто | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | средни училишта на 09.11.2019 г. На Филолошки Факултет во Скопје, ученичката Илијана Најдовска од 6-5 одд. Во категоријата за 6-то одд. го освои првото место. Натпреварот се одржа од страна на Здружението на професори по италијански јазик од Македонија со поддршка на Амбасадата на Р Италија во Македонија.<br><br>**01.11.2019**<br><br>**Учество на работилница во Хотел Милениум**<br><br>Наставничките Виолета Поповска и Маја Милевска Кулевска учествуваа на работилница во две сесии на тема **„DESIGNING A UNIVERSAL APPROACH THAT WILL ADDRESS ALL THE DIFFERENT INTELLIGENCES IN CLASS"** и **"THE USE OF TECHNOLOGY EMPOWERING AND MAKING EASIER THE ENGLISH LANGUAGE ACQUISITION"** организирана од Националниот Универзитет од Тиера дел Фуего, Антарктикот и Јужноатланските острови(National University of Tierra del Fuego, Antarctica and South Atlantic Islands-Universidad Nacional de Tierra del Fuego, Antártida e Islas del Antartico Sur) во соработка со Калидус. На работилницата професори од иста држава, но од различен континент се здружуваат во онлајн сесија за да предаваат англиски јазик на децата од основно училиштето „38 Presidente Raúl Ricardo Alfonsín“ како дел од проектот наречен „И ние можеме исто така“ („Nosotros también queremos“) кој работи на креирање на универзален пристап кој ги опфаќа сите различни интелигенции во биконтиненталната лекција. Цели на |

| | | |
|---|---|---|
| | | работилницата: културна компетентност, размена на искуства од еминентни универзитетски професори во однос на погоре понудените теми преку виртуелно искуство на спојување на три континенти на едно место сé со цел да се научи како да се обезбеди универзален пристап за работа со ученици со различни интелигентни способности.<br><br>**29.11.2019**<br><br>Ученици од деветто одделение од нашето училиште учествуваа на работилница која ја водеше германскиот писател и илустратор Јенс Расмуст, а во соработка со Гете институтот. Преку ваквата работилница учениците имаат можност одблиску да се запознаат со автентичноста на германскиот јазик, но и култура, уметност, книжевност и се останато што може да го збогати нивниот дијапазон на знаење. Работилницата беше реализирана во соработка со наставникот Никола Аврамовски |
| - Анализа за реализацијата на дополнителна и додатна настава, СУА<br>- Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие | Декември 2019 г. | Во однос на првата точка секој наставник подготви извештаи за реализираноста на дополнителната и додатната настава за тековната учебна година.Членовите на Активот се изјаснија дека во овој период на учениците им е потребна дополнителната настава повеќе од додатната.<br>Се разгледа успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие. |

| | | |
|---|---|---|
| □ Активности за Новогодишниот базар | | Најмногу се дискутираше за проблематичните ученици, се размени мислење и искуство во врска со решавање на одредени проблематични ситуации.<br>Новогодишниот базар се одржа на 23.12.2019г .Секое одделение раководено од својот одделенски наставник зеде учество со свои изработки на овој настан кој традиционално се одржува секоја година во нашето училиште.<br>**26.12.2019**<br>Наставначката Љупка Петкова присуствуваше на семинар во Скопје организиран од страна на Pearson Longman за методологија во наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| • Размена на мислења од реализацијата на наставата во прво полугодие-предности и недостатоци<br>• Изработка на полугодишни извештаи за додатна, дополнителна настава и СУА<br>• Изработка на полугодишен извештај од работата на Стручниот актив<br>• Внесување на материјали во базата на податоци во е- | ЈАНУАРИ | Во однос на првата точка, сите членови на Активот го изнесоја своето мислење за реализацијата на наставата во првото полугодие, воглавно се сложија за позитивните страни  и ги потенцираја недостатоците.<br>Секој наставник изработи извештај за реализираноста на додатна, дополнителна настава и СУА.<br> Претседателот на Активот го изработи и полугодишниот извештај за реализација на истиот. |

| | | |
|---|---|---|
| библиотеката на училиштето<br>• Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите | | |
| • Подготвување на учениците за Општински натпревари<br>• Организација на претстојните училишни натпревари<br>• Реализирање на отворени часови од наставниците во Стручниот актив. | ФЕВРУАРИ | Во текот на овој месец секој наставник успешно го организира и спроведе училишниот натпревар по својот предмет. Најдобрите ученици се подготвуваа тековно за учеството на општинските натпревари.<br><br>Оваа година за одбележување на празникот “ Свети Валентин”, учениците од 6-то одделение со наставничката Виолета Поповска, припремија свои изработки со кои се вклучија со тимот за хуманитарни активности за продажба на истите за хуманитарни цели. Ученици од 6-то до 9-то одделение кои го изучуваат италијанскиот и француски јазик со наставничката Маја Милевска- Кулевска учествуваа на одбележувањето на денот на Светската кампања за подигнување на јавната свест и одбележување на денот на ретки болести, под мотото<br><br>“ Ако сонуваш сам, тоа останува само сон, а ако сонуваме заедно, тоа ќе стане реалност “ |
| • Анализа на постигнатите резултати од одржаните Општински натпревари<br><br>• Подготвување на учениците за Регионални натпревари<br><br>• Реализирање на отворени часови од наставниците во Стручниот актив | МАРТ | Овие активности не се одржаа заради прогласување на пандемија во целата држава.Од 11 март се прекина со одржување на настава во училиштето, и се продолжи со одржување на<br><br>on-line настава. |

| | | |
|---|---|---|
| • Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од трето тримесечие<br>• Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА<br>• Анализа на постигнатите резултати од Регионалните натпревари<br>• Подготвителни активности за Републичките натпревари<br>Реализирање на отворени часови од наставниците во Стручниот актив | АПРИЛ | Од средина на март и во текот на месец април во нашето училиште се одржуваше on-line настава преку договорената платформа Zoom.<br>Се разгледа успехот и поведението на учениците на крајот од третото тримесечие. Најмногу се дискутираше за проблематичните ученици, се размени мислење и искуство во врска со начинот на кој се одвива наставата во овие нови услови, како и се укажа на тековните тешкотии со кои се соочуваат наставниците.<br>Секој наставник изработи извештај за реализираноста на додатна, дополнителна настава и СУА.<br>Наставничката Виолета Поповска со своите ученици имаше on-line активности за одбележување на Велигден.<br>Сите други предвидени активности од познатите причини беа откажани. |
| • Реализација на часови во отворената училница<br>• Реализирање на отворени часови од наставниците во Стручниот актив | МАЈ | Последната седмица од месец мај се одржа состанок со членовите на активот на Zoom, на кој наставниците дадоа предлог за распределба на часовите за наредната учебна година.<br>Сите други предвидени активности од познатите причини беа откажани. |
| • Анализа и извештај за постигнатите резултати од натпреварите<br>• Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА<br>• Евалвација на работата на Стручниот актив<br>• Изработка на годишен извештај од работата на Стручниот актив<br>• Избор на претседател на стручен актив за следната учебна година.<br>• Предлози за измена и дополнување на програмата на Стручниот актив<br>• Избор на учебници | ЈУНИ | Дел од предвидените активности овој месец не се реализираа поради пандемијата.<br>Сите членови на Активот го изнесоја своето мислење за реализацијата на наставата во второто полугодие, воглавно се сложија за позитивните страни и ги потенцираја недостатоците.<br>Секој наставник изработи извештај за реализираноста на додатна, дополнителна настава и СУА.<br>Претседателот на Активот го изработи и годишниот извештај за реализација на истиот.<br>Другите предвидени активности би требало да се одржат на почетокот на идната учебна година. |

| | | |
|---|---|---|
| • Предлог распределба на часови | | |

Претседател на Активот:

Снежана Ѓеоргиевска

## Стручен актив по Математика

Стручниот актив по математика при ООУ „Св. Климент Охридски“ – Битола, брои пет членови :

1. Лидија Шунда Шокларовска -6 одделение
2. Анета Георгиева Наумовска – 6 одделение
3. Сања Кузмановска -7 одделение
4. Катерина Трајковска -8 одделение
5. Снежана Захариева - 9 одделение- Претседател на стручниот актив

Во прилог следува извештај за покарактеристичните активности спроведени во прво полугодие и делот од второ полугодие, кога наставата се одвиваше во училиште:

| **Активност** | **Време на реализација** | **Опис на активноста** |
|---|---|---|
| **Антикорупциска едукација на учениците** | Август, 2019 | Во овогодишните планирања на наставата секој наставник вметна програма за Антикорупциска едукација на учениците и три работилници кои треба да се одржат во текот на годината. Новитетот следуваше после одржаната дисеминација на наставничката по граѓанско образование на која беа присутни сите наставници од стручниот актив. |
| **Иранска геометриска олимпијада** | 13.09.2019 | Учество на ученичката Матеа Пеева од 9-2 одделение, под менторство на С.Захариева, на Иранската геометриска олимпијада на 13.09.2019 година. Иако не беше освоено место, учеството на меѓународни олимпијади е позитивно искуство и за учениците и за наставниците и треба да се практикува во иднина. |
| **Договор за соработка со математичкото списание НУМЕРУС** | Октомври, 2019 | Како и секоја година така и во учебната 2019/2020 година, ОУ “ Св. Климент Охридски” – Битола соработува со Сојуз на Математичари на Македонија кои вршат испорака на Математичкото списание Нумерус. Учениците од математичката секција кои секоја година учествуваат на математичките натпревари го користат Нумерус како дополнителна литература во изборот на задачи за подготовка, заедно со дополнителната литература која ја посочуваат наставниците. |

| | | |
|---|---|---|
| **Обука за инклузивно образование** | Октомври, 2019 | Сите наставници од активот учествуваа на онлајн обука за инклузивно образование во времетраење од 2 часа, организирана од МОН и БРО за што се стекнаа со соодветни сертификати. |
| **Одбележување на Денот на здравата храна** | 16.10.2019 | На 16.10.2019 година, наставничката Катерина Трајковска со своите ученици од осмо одделение го обележа Денот на здравата храна. Во соработка со здружението Златно перо, одржана беше работилница на тема Повеќе храна во домовите, помалку во депониите. Предавање одржа и нутриционистот Влатко Таневски. |
| **Соработка со невладината организација Семпер** | 16.10.2019 | Во соработка со невладината организација Семпер одржана беше активност за борба против трговија со луѓе. Активноста ја спроведе наставничката К.Трајковска со своите ученици. |
| **Активности на математичката секција по повод Денот на училиштето** | | Оваа година училиштето бележи јубилеј – 30 години од отпочнувањето со работата. При одбележувањето на овај јубилеј, согласно со насоките дадени од училиштето, наставниците од стручниот актив составија прилози кои во најголем дел беа вметнати во монографијата на училиштето и училишниот весник Светлини. |
| **Најголемиот час на светот** | 04.11.2019 | На покана на Министерството за образование и наука во соработка УНИЦЕФ и Европската наставниците од стручниот актив по математика, со свои ученици, зедоа учество на Најголемиот час на светот 2019. Ова е пионерска иницијатива со која на децата и на нивните наставници им се овозможуваат ресурси за да се запознаат и да преземат акција во врска со Целите за одржлив развој со кои се потпомага изградбата на попросперитетен, поправеден и поодржлив свет за сите. |
| **Интернационален натпревар Дабар** | 11-15 Ноември, 2019 | Сите наставници со групи од ученици учествуваа во меѓународниот предизвик – Дабар кој се одржуваше од 11-15 ноември 2019, во соработка со Здружението на информатичарите на Македонија, а со цел промовирање на |

| | | |
|---|---|---|
| | | информатиката и алгоритамското размислување на учениците. |
| **Европски математички куп** | 14.12.2019 | Учеството на ученичката Матеа Пеева 9-2 одд, под менторство на наставничката С.Захариева на Европскиот математички куп, кој се одржа на 14.12.2019 год, истовремено во 23 европски држави. |
| **Училишни натпревари** | прва седмица од февруари | Наставниците од стручниот актив по математика организира училишни натпревари по математика, за учениците од четврто до деветто одделение. Натпреварите се одржуваа во текот на првата седмица на февруари.<br><br>Според постигнатите резултати на училишниот натпревар, како и правото на ученикот доколку освоил место на минатогодишниот регионален натпревар, да учествува оваа година на општинскиот натпревар, се состави листа од учесници на општински натпревар, која брои 40 ученици. |
| **Општински натпревар по Математика** | 29.02.2020 | На општинскиот натпревар по математика постигнати се следните резултати:<br><br>14 први места<br><br>4 втори места<br><br>8 трети места<br><br>2 пофалници<br><br>со што нашето училиште е повторно општински првак во Математика. |
| **Европски квиз на пари** | 29.05.2020 | **Македонската банкарска асоцијација** во соработка со **Народна банка на РСМ и Комисијата за хартии од вредност на РСМ** го организира *Европскиот квиз на пари*. Натпреварот е поддржан од Министерството за образование на РСМ и Министерството за финансии на РСМ. Овој квиз е проект на Европската банкарска федерација, фокусиран на финансиска едукација на ученици од 13 до 15 години. На квизот кој првично требаше да |

| | | |
|---|---|---|
| | | се одржи на 23.03.2020 година, учествуваа ученици од деветто одделение, под менторство на наставничката Снежана Захариева. |
| **Извештаи за реализираност на програмата во вонредни услови** | **30.03. – 10.06.** | **Седмични извештаи за реализираноста на наставата во вонредни услови, следење и оценување на учениците, преку апликацијата ZOOM** |

Поради ситуацијата со пандемијата, активности кои се планирани во годишната програма на Стручниот актив, а не се реализирани се следни: Меѓународен натпревар КЕНГУР, Регионален натпревар – Млади техничари, Регионален и Државен натпревар по математика, Младинска матеатичка олимпијада.

Изработил:

Снежана Захариева

## Стручен актив по Биологија, Физика и Хемија

| Цели од годишната програма на Активот 2019/2020 | Време на реализација | Опис на активностите |
|---|---|---|
| • Избор на претседател на Стручен актив - биологија,физика, хемија и природни науки<br>• Донесување и усвојување на Програма на Стручниот актив во учебната 2019/2020 година<br>• Разгледување на предлог Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето<br>• Евидентирање на постоечките наставни средства, помагала и литература и евентуална набавка на нови<br>• Договор за користење на учебници и дополнителна литература за учебната 2019/2020 година, одобрени од МОН | Август 2019 г. | За претседател на Стручниот актив е избрана Соња Кузманова-наставник по физика.<br>Присутните членови заеднички ја донесоја и усвоија Програмата на Стручниот актив во учебната 2019/2020г.<br>Сите членови заеднички го разгледаја предлогот Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето и утврдија дека нема никакви забелешки во однос на истата.<br>Се евидентираа постоечките наставни средства, помагала и литература и повторно се укажа на потребата од набавка на нови наставни средства.<br>Во однос на последната точка сите наставници се договорија за користење на постоечките учебници и дополнителната литература одобрени од МОН. |
| • Изработка на годишните, тематските и дневните планирања ( за редовна, дополнителна и додатна настава)<br>• Договор за тестови и писмени работи<br>• Усогласување на критериумите за оценување на учениците на ниво на Стручниот актив по биологија,хемија, физика, природни науки<br>• Вметнување избрани точки на акција од програмите за „Интеграција на еколошката | Септември 2019 г. | Во однос на првата точка сите членови навреме ги изработија годишните, тематските и дневните планирања ( за редовна, дополнителна и додатна настава) за тековната учебна година.<br>Секој од наставниците го претстави својот план за тестови и писмени работи во оваа учебна година. На крај сите членови се усогласија да нема никакво поклопување во датумите за одржување на истите.<br>Како и секоја година така и оваа наставниците меѓусебно се договорија за усогласување на критериумите за оценување на учениците на ниво на Стручниот актив по биологија,хемија, физика, природни науки. |

| | | |
|---|---|---|
| едукација во македонскиот образовен систем”<br>„ Меѓуетничка интеграција “<br>Примена на Асистивна технологија во наставата за деца со посебни потреби<br>• Изработка на инструменти за евидентирање на индивидуални средби со родители<br>• Изработка на ИОП<br>Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите | | Во однос на четвртата точка резултатите се табеларно претставени .<br>Во однос на петтата и шестата точка секој од наставниците ги изработи инструменти те за евидентирање на индивидуални средби со родители, како и ИОП кој го достави во своето наставничко портфолио.<br>На крајот од овој состанок се разговараше и за евентуалната посета на семинари и работилници во оваа тековна година. |
| • Одржување на неформални (по потреба) состаноци со сите членови на Активот, размена на искуства и мислења при реализацијата на наставни содржини – форми, методи, техники, примена на ИКТ и оценување<br>• Посета на отворени часови | Октомври 2019 г. | Се Одржаа неколку неформални состаноци со сите членови на Активот. На овие состаноци се разменаа искуства и мислења за реализацијата на наставни содржини – форми, методи, техники, примена на ИКТ и оценување.<br><br>Во месец октомври наставничката Марија Гилевска одржа огледен час на тема: – „Одделување на цврсти супстанци од течности„ со ученици од V одд. Во дискусијата на крајот од часот се истакна одработеното на наставникот и учениците . Сите присутните се изјаснија со позитивни коментари,. Се истакна особено практичната примена на стекнатото знаење на учениците во секојдневниот живот. |
| • Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие<br>• Изработка на извештаи за додатна и дополнителна настава, СУА | Ноември 2019г. | Се разгледа успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие. Најмногу се дискутираше за проблематичните ученици, се размени мислење и искуство во врска со решавање на одредени проблематични ситуации.<br>Во однос на втората точка секој наставник подготви извештаи за реализираноста на дополнителната и додатната настава за тековната учебна година. |
| • Анализа за реализацијата на дополнителна и додатна настава<br>• Анализа на успехот и | Декември 2019 г. | Во однос на првата точка секој наставник подготви извештаи за реализираноста на дополнителната и додатната настава за тековната учебна година.Членовите на |

| | | |
|---|---|---|
| поведението на учениците на крајот од првото полугодие<br>• Активности за Денот на училиштето<br>• Активности за Новогодишниот базар | | Активот се изјаснија дека во овој период на учениците им е потребна дополнителната настава повеќе од додатната.<br>Се разгледа успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие. Најмногу се дискутираше за проблематичните ученици, се размени мислење и искуство во врска со решавање на одредени проблематични ситуации.<br>Новогодишниот базар се одржа на 23.12.2019г .Секое одделение раководено од својот одделенски наставник зеде учество со свои изработки на овој настан кој традиционално се одржува секоја година во нашето училиште. |
| • Размена на мислења од реализацијата на наставата во прво полугодие- предности и недостатоци<br>• Изработка на полугодишни извештаи за додатна, дополнителна настава и СУА<br>• Изработка на полугодишен извештај од работата на Стручниот актив | Јануари 2020 г. | Во однос на првата точка, сите членови на Активот го изнесоја своето мислење за реализацијата на наставата во првото полугодие, воглавно се сложија за позитивните страни и ги потенцираја недостатоците.<br>Секој наставник изработи извештај за реализираноста на додатна, дополнителна настава и СУА.<br>Претседателот на Активот го изработи и полугодишниот извештај за реализација на истиот. |
| • Организација на претстојните училишни натпревари<br><br>• Подготвување на учениците за Општински натпревари по биологија,физика,хемија, природни науки<br>• Реализирање на отворени часови од наставниците во Стручниот актив. | Февруари 2020 г. | Во текот на овој месец секој наставник успешно го организира и спроведе училишниот натпревар по својот предмет. Најдобрите ученици се подготвуваа тековно за учеството на општинските натпревари. На одржаните општински натпревари, учениците од нашето училиште покажаа добри резултати , освојувајќи бројни награди по сите предмети.<br>Во рамките на меѓународната размена од Еразмус проектот: кариерно насочување на учениците на крајот од месец февруари наставникот Соња Кузманова одржа работилница на тема: Професија- физиотерапевт. Во работилницата учествуваа учениците од 9 одделение , како и гостинот на работилницата Никола Каревски -родител на еден од присутните |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученици чија професија е физиотеравт.<br>Во текот на работницата гостинот ги запозна учениците  со основните карактеристики и  компетенции потребни за оваа професија. |
| • Анализа на постигнатите резултати од одржаните Општинскинатпревари<br>• Подготвување на учениците за Регионални натпревари<br>•  Избор на теми и помош при изработка на домашната работа за учество на Олимпијадата на млади техничари и природници-Народна техника<br>• Реализирање на  отворени часови од наставниците во Стручниот актив | Март 2020 г. | Овие активности не се одржаа заради прогласување на пандемија во целата држава.Од 10 март не се одржува класична настава.Во нашето училиште е организирана on-line настава. |
| • Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од трето тримесечие<br>• Изработка на извештаи за ДОД,ДОП и СУА<br>• Анализа на постигнатите резултати од Регионалните натпревари<br>• Подготвителни активности за Републичките натпревари<br>• Учество на Олимпијадата на млади техничари и природници-Народна техника.<br>• Посета на Природно-научен музеј, Планетариум или други установи во Скопје (Посетата може да се реализира и во месец мај, зависно од тековните случувања).<br>• Реализирање на  отворени часови од наставниците во Стручниот актив | Април 2020 г. | Последната третина и месец април во нашето училиште се одржуваше on-line настава преку договорената платформа Zoom.<br>Се разгледа успехот и поведението на учениците на крајот од третото тримесечие.<br>Најмногу се дискутираше за проблематичните ученици, се размени мислење и искуство во врска со начинот на кој се одвива наставата во овие нови услови, како и се укажа на тековните тешкотии со кои се соочуваат наставниците.<br>Секој наставник изработи извештај за реализираноста на додатна, дополнителна настава и СУА.<br>Сите други предвидени активности од познатите причини беа откажани. |

| | | |
|---|---|---|
| • Реализација на часови во отворената училница<br>• Реализирање на отворени часови од наставниците во Стручниот акти | Мај 2020 г. | Сите предвидени активности од познатите причини беа откажани. |
| • Анализа и извештај за постигнатите резултати од натпреварите<br>• Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА<br>• Евалвација на работата на Стручниот актив<br>• Изработка на годишен извештај од работата на Стручниот актив<br>• Избор на претседател на стручен актив за следната учебна година.<br>• Предлози за измена и дополнување на програмата на Стручниот актив<br>• Избор на учебници<br>• Предлог распределба на часови | Јуни 2020 г. | Дел од предвидените активности овој месец не се реализираа поради пандемијата.<br>Сите членови на Активот го изнесоја своето мислење за реализацијата на наставата во второто полугодие, воглавно се сложија за позитивните страни и ги потенцираја недостатоците.<br>Секој наставник изработи извештај за реализираноста на додатна, дополнителна настава и СУА.<br>Претседателот на Активот го изработи и годишниот извештај за реализација на истиот.<br>Другите предвидени активности би требало да се одржат на почетокот на идната учебна година. |

Претседател на Активот:
Соња Кузманова

**Стручен актив по Географија, Историја, Граѓанско образование и Етика**

Во текот на првото полугодие од учебната 2019/2020 година, а според годишната програмата за работа на стручниот актив, беа одржани повеќе состаноци на членовите на активот. Поставените цели согласно програмата се реализираа во целост почнувајќи од изборот на нов претседател - Златко Крстевски, интерна распределба на часовите помеѓу членовите на активот, избор на учебници, месечни меѓусебни консултации на членовите со цел размена на инструменти за оценување, материјали за работа и споделување искуства па се до решавање на тековни проблеми поврзани со прашањата за реализација на наставата.

Со повеќе активности во второто полугодие.

Претседател

Златко Крстевски

## Стручен актив по Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование

Годишната програма на Стручниот актив по ликовно, музичко и физичко и здравствено образование според планираното во целост е реализирана до 10.03.2020 г, односно до денот на изведување на редовна настава во училиште. Од 11.03.2020 г. откако поради пандемијата со Корона вирусот се прекина редовната настава во училиште и се продолжи со online настава, од дома, програмата на стручниот актив се реализираше делумно и со одредени модификации, односно според реалните можности.

| РЕДЕН БР. | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| **1.** | 1. Избор на претседател на стручниот актив<br>2. Донесување и усвојување на програма на стручниот актив<br>3. Избор на учебници<br>4. Тековни прашања | 21.08.2019 година | По првата точка од дневниот ред беше извршен избор на претседател на стручниот актив. За претседател во учебната 2019/2020 година беше избран Горан Димовски.<br>Во однос на втората точка бше разгледана минатогодишната програма на стручниот актив каде се извршија одредени корекции и дополнувања и како таква беше усвоена од страна на членовите на стручниот актив.<br>По третата точка од дневниот ред се разговараше за учебниците по предметите од стручниот актив и беше прифатено да се користат истите учебници како и минатата учебна година. |
| **2.** | 1. Изработка на програма за професионален развој на наставниците<br>2. Разгледување на предлог годишната програма за работа на училиштето и развојниот план на училиштето<br>3. Тековни прашања | 27.08.2019 година | Во разговорот по првата точка од дневниот ред се вклучија сите присутни членови на стручниот актив со свои идеи, предлози и сугестии, по што беше изработена програма за професионален развој на наставниците од стучниот актив по ликовно, музичко и физичко и здравствено образование.<br>По втората точка беше разгледана годишната програма за работа на училиштето и развојниот план на училиштето каде низ разговор беше заклучено дека нема забелешки и дека стучниот актив прифаќа таква каква што е, со некои предлози за во иднина. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.** | 1. Договор за организација на отворени часови на наставниците на стручниот актив<br><br>2.Потрбни наставни средства и реквизити за реализација на отворените часови<br><br>3. Тековни прашања | 25.09.2019 година | По првата точка од дневниот ред се разговараше за отворените часови кои наставниците треба да ги реалзираат во текот на учебната година. Наставниците ги потврдија датумите за презентација на предложените наставни содржини.<br>Во однос на потребните стртства и реквизити за реализација на овие часови наставниците се изјаснија дека ќе се користи она што е на располагање во училиштето, а доколку е потребно нешто повеќе за тоа ќе се погрижат самите наставници.<br>По третата точка беше разговарано за есенскиот крос кој ни претстои. Селекција на учениците и изготвување на конечниот список на ученици кои ке учествуваат на трката. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4.** | 1. Дискусија за постигнатите резултати од училишните натпревари.<br><br>2. Пподготовка за престојните училишни натпревари.<br><br>3. Подготовки за патрониот празник<br><br>4. Тековни прашања | 26.11.2019 година | По првата точка од дневниот ред се разговараше за постигнатите резултати на училишните натпревари во кои учествуваа нашите ученици а тоа се следните:<br>Учество со 40 ученици на есенскиот крос (26.09.2019) под менторство на наставниците по физичко и здравствено образование каде беа освоени неколку места во повеке категории.<br>Учество на општинското првенство во пинг понг (18.10.2019) под менторство на наставникот Горан Димовски каде екипно беше освоено 1 место во машка конкуренција и 1 место во женска конкуренција. Во поединечните натпревари во машка конкуренција 2 место освои ученикот Марко Димовски од VIII$^{5}$ одд. и 3 место ученикот Стефан Димовски од VIII$^{4}$ одд. Во женска конкуренција 2 место освои ученичката Емилија Ристевска од IX$^{5}$ одд.<br>Учество на општинското првенство во футсал во машка конкуренција, под менторство на наставникот Златко Трајчевски.<br>Учество на општинското првенство во футсал во женска конкуренција, под менторство на наставникот Предраг Созовски.<br>Учество на ноќната трка по повод 4 Ноември денот на ослободувањето на Битола, со шеесеттина ученици под менторство на наставниците по физичко и здравствено образование, каде поединечно беа освоени повеќе места во повеке категории и 1 место во севкупен пласман за нашето училиште.<br>Учество на општинското првенство во шах под менторство на наставникот Горан Димовски каде екипно (14.11.2019) беше освоено 1 место во машка конкуренција и 1 место во женска конкуренција. Во поединечните натпревари (14.11.2019) во машка конкуренција 2 место освои ученикот Марко Димовски од VIII$^{5}$ одд. и 3 место ученикот Лука Тренчевски од IX$^{5}$ одд. Во женска конкуренција 1 место освои ученичката Ана Марија Нечова од IX$^{3}$ одд. и 3 место ученичката Теодора Главеска од IX$^{5}$ одд.<br>Учество на 9 ученици на државното |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | првенство во шах (22.11.2019) под менторство на наставникот Горан Димовски.<br>Освоено 3 место на општинското првенство во одбојка во машка конкуренција, под менторство на наставникот Горан Димовски.<br>Освоено 1 место на ученикот Никола Ангелески од VIII[3] одд. на меѓународна детска ликовна изложба, по повод 13 Ноември, под менторство на наставникот Стевче Тодоровски.<br>Членовите на стучниот актив ги пофалија учениците и менторите за постигнатите резултати кои се резултат на нивната заедничка работа.<br>По втората точка се разговараше за подготовките за престојните спортски натпревари и ликовни конкурси како и за организацијата на општинското првенство во одбојка машки во нашето училиште.<br>Во однос на третата точка се разговараше за активностите кои ќе се реализираат за патрониот празник на училиштето, и тоа:<br>Организација на пријателски футсал натпревар во машка конкуренција со збратимениот училиште "Глигор Прличев" – Охрид<br>Организација на ликовен конкурс<br>Продолжување на припремите на хорот и оркестарот за настап на свечената академија. |
| **5.** | 1. Разгледување на успехот и поведението на учениците при крајот на првото полугодие.<br>2. Тековни прашања | 15.12.2015 година | По првата точка беше дискутиран успехот на учениците по ликовно, музичко и физичко и здравствено образование. Наставниците заклучија дека нема некои поголеми промени во успехот во споредба со претходната година, со некои исклучоци, на пример во IX одд., каде успехот е послаб на ниво на генерација, но тоа е така по сите предмети, па со повеќе работа и ангажираност на наставниците со додатна и дополнителна настава, тоа ќе се надмине<br>Во тековни прашања се разговараше за активностите на активот на патрониот празник каде имаше многу пофалби за хорот под менторство на наставникот Игор Огненовски и оркестарот под менторство на наставникот Мирко Митровски кои |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | се претставија на свечената академија во домот на културата. Имаше пофалби и за наставниците по ликовно за ликовниот конкурс и наставниците по физичко и здравствено образование за организацијата на натпреварот во футсал со со збратименото училиште "Глигор Прличев" – Охрид.<br>Стана збор и за натпреварите кои се одвиваа во овој период на кои се постигнаа следните резултати:<br>Освоено 1 место на ученикот Михаил Наумовски од VIII$^{2}$ одд. на меѓународна детска ликовна изложба „Флора и фауна извор на животот и убавината" (27.11.2019), под менторство на наставникот Стевче Тодоровски.<br>Освоено 2 место на зонското првенство во одбојка во машка конкуренција, под менторство на наставникот Горан Димовски.<br>Освоено 3 место на општинското првенство во одбојка во женска конкуренција, под менторство на наставникот Горан Димовски.<br>По повод 3ти Декември - Меѓународниот ден на лицата со попреченост се вклучи и ликовната секција од нашето училиште под раководство на наставничката Ленче Крстеска. Во Магаза ученици од повеќе основни училишта творea и цртаа на тема Љубов. Нашата ученичка Марија Стефановска од VII-5 освои I награда |
| **6.** | 1. Отворен час на наставникот по Музичко образование Мирко Митровски на тема "Откривање на синкопа и пеење мелодиски вежби со сите изучени елементи од музичка мисменост"<br>2. Тековни прашања | 28.02.2020 година | -Наставникот ја објасни ритмичката особеност наречена синкопа образожуваjќи преку примери на табла,свирење и пеење .На средината на часот се разви дебата на наставникот со учениците преку која учениците разбраја како најлесно може да се определи тоналитет на одредена композиција за следно преку воочување и пеење да ги одредат нотните вредности и примери за синкопа. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7.** | 1. Предлог распределба на часови за учебната 2020/2021<br><br>2. Тековни прашања | 18.05.2020<br><br>година | На овој состанок кој поради ситуацијата со пандемијата од Корона вирусот се одржа online се дискутираше за првичната распределба на часовите за учебната 2020/2021год.<br><br>Ликовно образование:<br><br>Стевче Тодоровски:<br>VII 1,2,3,4,5 одд. - 5 часа<br>IX 1,2,3,4,5 одд. - 5 часа<br>Изборен – Класична култура во европската цивилизација VII 1,2,3,4,5 одд. - 10 часа<br><br>Ленче Крстеска:<br>VI 1,2,3,4,5 одд. - 5 часа<br>VIII 1,2,3,4,5 одд. - 5 часа<br>Изборен – Проекти од ликовна уметност VIII 1,2,3,4,5 одд. - 10 часа<br><br>Музичко образование:<br><br>Игор Огненовски:<br><br>VI 1,2,3,4,5 одд. - 5 часа<br>VIII 1,2,3,4,5 одд. - 5 часа<br>Изборен - Проекти од музичката ументост VIII 1,2,5 – 6 часа<br>ХОР – 5часа<br>Одделенски раководител VIII1 – 1 час<br><br>Мирко Митровски:<br><br>VII 1,2,3,4,5 одд. - 5 часа<br>IX 1,2,3,4,5 одд. - 5 часа<br>Изборен - Проекти од музичката ументост VII 1,4,5 – 6 часа<br>ОРКЕСТАР – 5часа<br><br>Физичко и здравствено образование:<br><br>Горан Димовски:<br>VI 3,4,5 одд. - 9 часа<br>IX 1,4,5 одд. - 9 часа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Одделенски раководител IX1 - 1 час<br><br>Златко Трајчевски:<br>VI 1,2 одд. - 6 часа<br>VIII 1,2,3,4,5 одд. - 15 часа<br>Одделенски раководител VIII5 -1 час<br><br>Предраг Созовски:<br>VII 1,2,3,4,5 одд. - 15 часа<br>IX 2,3 одд. - 6 часа<br>Одделенски раководител VII2 - 1 час |

**Претседател:**

Горан Димовски

## Стручен актив по Техничко образование и Информатика

| Активност | Опис на активноста | Време на одржување |
|---|---|---|
| **1.Дискусија за инструментите за оценување**<br><br>**2.Соработка со родители** | Членовите на активот ги разгледаа и дискутираа за претходно подготвените инструменти за оценување кои ги применуваат во наставата по информатика и техничко образование и притоа истите ги споделија со цел меѓусебна соработка и соодветно користење на истите во текот на учебната година.<br><br>Наставниците редовно одржуваат родителски средби во текот на учебната година со цел разгледување на успехот и поведението на учениците. | 16.09.2019 год.<br><br>Во текот на I полугодие |
| **3.Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од I тримесечие** | На одржаниот состанок беше направена анализа на успехот на учениците по предметите Информатика, Проекти од Информатика, ТО и Иновации за I тримесечие и беше заклучено дека успехот не е на потребното ниво, учениците со послаб успех да посетуваат дополнителна настава и во иднина се со цел подобрување на истиот со нивна целосна ангажираност. | 18.11.2019 |
| **4.Споделување на искуства на наставниците во текот на работата**<br>**5.Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите** | Во нашето училиште се одржа курсот за инклузивно образование организирано од БРО | 12.2019 |
| **6.Превземање активности по повод Новогодишниот базар во училиштето** | На одржаниот состанок наставниците од активот дискутираа за тоа кои активности би се превзеле за вклучување на активот во Новогодишниот базар кој ќе се одржи во нашето училиште на 23.12.2019 год. Притоа учениците на штандови ќе продаваат различни новогодишни производи и украси со цел поттикнување на претприемачката свест кај нив. | 20.12.2019 год.<br>. |
| **7.Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од III тримесечие** | На одржаниот состанок беше направена анализа на успехот на учениците по предметите Информатика, Програмирање, Проекти од Информатика, ТО и Иновации за III тримесечие и беше заклучено дека успехот не е на потребното ниво, учениците со послаб успех да посетуваат дополнителна настава и во иднина | 20.04.2020 |

| | | |
|---|---|---|
| | се со цел подобрување на истиот со нивна целосна ангажираност. | |
| **7.Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од учебната 2019-20 година** | На одржаниот состанок беше направена анализа на успехот на учениците по предметите Информатика, Програмирање, Проекти од Информатика, ТО и Иновации на крајот од од учебната 2019-20 година и беше заклучено дека успехот не е на потребното ниво, | 12.06.2020 |

**Претседател на стручен актив**

**Атанас Пеев**

**Членови на активот:**

**Дарко Аврамоски**

**Наташа Стаменковска**

### УЧИЛИШТЕН ОДБОР

Врз основа на член 126 од Законот за основно образование и член 68 од Статутот на ОУ„Св. Климент Охридски“- Битола, претседателот на Управниот одбор одржа осум состаноци во просториите на училиштето. Управниот одбор работи според Деловникот за работа на истиот. Состаноците се одржуваа според претходно изработена програма за работа, со потребно мнозинство на присутни членови на кои се расправаа прашања од интерес на работата на училиштето.

Во месец јануари училишниот одбор даде мислење по оглас за прием на работници – наставници.

Во месец јуни направени се статутарни промени кои се однесуваат на документацијата на училиштето.

### СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ

Програмата на Советот на родители е реализирана во целост, во согласност со активностите на училиштето.

### ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените извештаи за работата на нашето училиште во учебната 2019/2020 година, можеме да констатираме и да кажеме дека зад нас оставивме уште една успешна учебна година.

Тоа може да се воочи од целокупната работа во сите сегменти на функционирањето на нашето училиште. Нема ученици кои своеволно и неоправдано ја напуштаат наставата, а поведението на истите, исто така задоволува. Наставниците, користејќи ги сите услови и можности, работеа на своето професионално усовршување. Проектите ги прифаќаа со задоволство и заедно со учениците, ги спроведуваа предвидените содржини. Редовно ги посетуваа потребните обуки за лично и професионално напредување.

На хигиената, се стави посебен акцент. Реализирани се сите предвидени систематски прегледи и вакцинации за учениците и вработените, според програмата на Министерството за здравство. Се изврши дератизација, дезинсекција и дезинфекција на училиштето.

Учествувавме на сите понудени манифестации и ги одбележивме сите позначајни датуми преку работата на училишното радио.

Исто така, наша голема гордост и плод од нашата посветена работа се многубројните награди и признанија кои ги освоивме во текот на оваа година.

Ја завршивме учебната година, задоволни и исполнети од реализираното, а нашите нови идеи, предлози, замисли, со силен ентузијазам, ќе ги имплементираме во новата учебна година.

Битола, јуни, 2020 година

Директор

___________________

(Гордана Анастасова)